MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# FINANCIAL MANAGEMENT OF CURRENT ASSETS

Marijan Stevanovski, PhD[a], Marjan Mladenovski, PhD[b], Ljupco Veleski, PhD[c]

[a]*MIT University, Third Macedonian Brigade, 1000, Skopje, Macedonia*

[b]*Eurocollege, Kumanovo, Macedonia*

[c]*Vitaminka, Prilep, Macedonia*

[*]*marijan.stevanovski@gmail.com*

## Abstract

The specificities of financing current assets resulting from the specific behavior of these funds in the process of reproduction. Contrary to the investment of fixed assets which provide permanent working conditions, investments in working capital to enable the functioning of the organization to use the conditions provided by fixed assets.

Rational operation of the organization between investments in fixed assets and working capital must be some relationship. The effects of investment in fixed assets can be achieved provided to ensure adequate investment in working capital. Lack of working capital can be a limiting factor in the use of the capacity of the organization that is largely determined by fixed assets.

Specificities the assets involved in the function of working capital that they are in different forms and in the course of their use to transform the monetary form into other forms of working capital (inventories and receivables), and these, in turn, again in fine form .

***Keywords:*** working; money; investments; rational operation.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ СО ОБРТНИТЕ СРЕДСТВА

Проф.д-р Маријан Стевановски[a], Доц. д-р Марјан Младеновски[b], д-р Љупчо Велески[c]

[a] *МИТ Универзитет, Трета Македонска Бригада бб, 1000, Скопје, Македонија*
[b] *Евро Колеџ, Куманово, Македонија*
[c] *Витаминка, Прилеп, Македонија*

## Абстракт

Специфичностите на финансирањето на обртните средства произлегуваат од специфичното однесување на овие средства во процесот на репродукција. Наспроти вложувањата на постојани средства со кои се обезбедуваат трајни услови за работа, вложувањата во обртни средства го овозможуваат функционирањето на организацијата на користењето на условите што ги обезбедуваат постојаните средства.

За рационално работење на организацијата меѓу вложувањата во постојани и обртни средства мора да постојат одредени односи. Ефектите од вложувањата во постојани средства можат да се остварат под услов да се обезбедат соодветни вложувања и во обртни средства. Недостигот на обртни средства може да биде ограничувачки фактор при користењето на капацитетот на организацијата кој, главно, е детерминиран од постојаните средства.

Карактереистично за средствата ангажирани во функција на обртни средства е што тие се наоѓаат во различни форми и што во текот на нивното користење се трансформираат од парична форма во други форми на обртни средства (залихи и побарувања), а овие, пак, повторно по парична форма.

***Клучни зборови:*** обртни; средства; пари; вложувања; рационално; работење.

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

# 1. Вовед

Обртните средства се динамична категорија. Нивната динамичност се огледа:

- *Во циркулацијата на средствата, чија брзина се изразува со коефициентот на обрт на обртните средства;*
- *Во менувањето на структурата на средствата, т.е. учество на одделните форми и видови обртни средство во вкупните обртни средства и,*
- *Во менување на големината на вкупните обртни средства во релативно куси временски интервали.*

Наведените карактеристики на обртните средства наметнуваат одредени специфичности во нивното финансирање. Поради нивната динамичност секогаш е присутен проблемот на усогласувањето на паричниот прилив и одлив, како еден од позначајните услови за обезбедување на потребната ликвидност и стабилност на финансирањето на организацијата. Од таа причина проблематиката на финансирањето на обртните средства зазема едно од позначајните места во вкупната проблематика на финансирањето на организацијата.

## 1.1.Оптимализација на големината на обртните средства

Обртните средства на организацијата се јавуваат во три основни форми и тоа: *парични средства, залихи и побарувања*. Во рамките на секоја од наведените три основни форми на обртни средства се јавуваат повеќе конкретни видови на овие средства. Во продолжение ќе биде даден аналитички преглед на формите и видовите на обртни средства:

A. Пари и различни сурогати на парите

- *Готови пари (во касата и во банка),*
- *Валути,*
- *Девизи,*
- *Чекови, меници, акцептни налози и сл.*
- *Обврзници, благајнички записи и др.хартии од вредност.*

ISSN: 1857-8128

B. Преодни форми на парите во стока

- *Аванси на добавувачи за обртни средства,*
- *Аконтации за службен пат,*
- *Аванси врз основа на заеднички вложувања во обртни средства,*
- *Аконтација за личен доход,*
- *Аконтациони износи на даноци и други давања и*
- *Активни временски разграничувања.*

C. Залихи на суровини, материјали и ситен инвентор

- *Суровини и материјали,*
- *Гориво и масла,*
- *Набавени полупроизводи и делови,*
- *Материјал во обработка, доработка и манипулација и*
- *Ситен инвентор, амбалажаи авто-гуми.*

D. Производство во тек и полупроизводи

- *Производство во тек и*
- *Полупроизводи од сопствено производство.*

E. Залихи на готови производи и стоки

- *Залихи на готови производи,*
- *Залихи на трговски стоки во складиште и*
- *Залихи на трговски стоки во деловни единици.*

F. Преодни форми на стоката во пари

- *Побарувања од купувачите за продадени производи и услуги,*
- *Побарувања од купувачите за продадени стоки и услуги,*
- *Кредитни односи со други организации за продадени стоки,*
- *Побарувања од заводите за осигурување за штети на обртните средства и*
- *Разни други побарувања.*

Обемот на вкупните обртни средства во организацијата зависи од обемот на средствата ангажирани во секоја од наведените форми, а нивниот обем, пак, е под силно влијание на обемот на стопанската активности и брзината на циркулацијата на средствата.

Ако се има предвид дека големината на ангажираните средства има негативен одраз врз економичноста на финансирањето, па според тоа и врз акумулацијата на организацијата, може да се заклучи дека напорите на организацијата треба да бидат насочени кон извршувањето на процесот на репродукцијата со што е можно помал обем на обртни средства, но не толку мал за да претставува пречка за нормално одвивање на активноста. Оттаму следува дека напорите за намалување на обемот на обртните средства треба да се сфатат како напори за неговото оптимализирање.

Под оптимален обем на обртни средства во организацијата се подразбира најмалиот обем на средствата кој овозможува непречено извршување на планираните задачи, без да се наруши потребниот степен на ликвидност на организацијата. Оптимализирањето на обемот на обртните средства може да се оствари преку оптимализирање на големината на обртните средства во одделни форми и видови во кои тие се наоѓаат. Од таа причина во продолжение ќе биде посветено внимание на оптимализирањето на големината на обртните средства во разни форми на залихи, побарувања и парични средства.

## 2. Оптимализирање на залихите

Залихите во организацијата можат да се најдат во различни стадиум на конверзија и тоа како почетни материјали и готови делови, производство во тек и готови производи. Тие врзуваат еден дел од средствата на организацијата, често најголемиот, бидејќи во нормални услови на работа средствата ангажирани во парични форми и во побарувања се помали.

Финансирањето на залихите има определено негативно влијание врз акумулацијата на организацијата, независно од тоа дали средствата за нивно финансирање потекнуваат од внатрешни или од надворешни извори.

Освен тоа, сместувањето на залихите и на нивното чување бара определен простор, опрема и луѓе, од што произлегува потребата за ангажирање средства и за ова намена и настанување на трошоци.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 2.1. Оптимализација на залихите на материјали

Големината на залихите на материјали влијае врз големината на ангажираните средства во нив, а преку нив и врз трошоците на финансирањето. Но, од ова не би требало да се заклучи дека економската оптимализација на залихите ќе се оствари со нивно одржување на најниско ниво или со целосно елиминирање. Постојат низа околности кои таквото решение, со кое залихите на материјалите се сведуваат на минимум, го прават неоптимално. Меѓу нив спаѓаат следните:

1. *Поради неодржување на потребната минимална резерва на залихи на материјали би можело да дојде до нарушување на континуитетот на репродукцијата, што би имало за последица поголеми негативни ефекти од оние што ги наметнува одржувањето на резервите на залихите.*
2. *Целосното усогласување на примањата на материјалите во организацијата со нивното издавање во производство, за да се избегне одржувањето на залихите, може да предизвика поголеми негативни ефекти од оние што ги наметнува одржувањето на резервите, пред се, поради недоволната економичност на снабдувањето со материјали кога тоа се врши во помали количества. За сметка на намалувањето на залихите на материјалите и на средствата ангажирани во нив, а поради тоа и на трошоците на финансирањето, се зголемуваат транспортните трошоци и трошоците за прифаќање на материјалите во помали количества. Од овие причини опримализацијата на залихите, па оттаму и на обртните средства ангажирани во нив, не значи нивно минимизирање, туку одржување на ниво кое ќе обезбеди континуитет на производството, водејќи сметка за минимизирање на просечните трошоци на снабдувањето со материјали и за нивното чување и одржување на залиха.*

Врз обемот на залихите на материјалите влијаат повеќе фактори, а позначајни, меѓу нив, се: *(1) големината на количествата што влегуваат во складиштата на претпријатиeто во определени временски интервали и (2) должината на времето од влегувањето на материјалите во складиштата до нивното издавање во производство.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Постојат дејности кај кои количествата на материјалите на залихи се релативно мали: материјалите се набавуваат секојдневно (во помали интервали) и набргу по примањето се издаваат во производството. Ваквата постапка со материјалите е условена или од природата на самите материјали (кои не поднесуваат подолг период на складирање) или од условите на пазарот на набавката, кои овозможуваат редовно снабдување на претпријатието со материјали, без опасност да се наруши континуитетот на производството. Наспроти ваквите случаи пазарот на набавката на определени видови материјали наметнува потреба нивното обезбедување да се врши во подолги интервали и во поголеми количества, поради што материјалите во складиштата подолго време се задржуваат во залихи.

Кога пазарот на набавката не е фактор што ги диктира количествата и интервалите на набавката на материјалите, па според тоа и обемот на нивните залихи, тогаш најзначаен фактор на оптимализацијата на залихите на материјалите е она количество на поединечни набавки при кое ќе се остварат најниски просечни трошоци на набавката (снабдувањето) и најниските трошоци за чување на залихите.

Поради спротивното движење на трошоците на набавката и трошоците врзани за чување на залихите кога набавните количества се зголемуваат, при определено количество на поединечна набавка се доаѓа во нивно изедначување (пресметано по единица на материјал). На дијаграмот тоа се остварува на нивото на кое кривата на трошоците на набавката се сече со кривата на трошоците за чување на залихите. На тоа нива збирот на просечните трошоци на набавката и за чување на залихите го достигнуваат својот минимум, што значи дека поединечното количество на набавка “н” претставува оптимално количество на набавка.

**2.2. Оптимализација на залихите на производството во тек**

Залихите на производството во тек, кои исто така, врзуваат еден дел од обртните средства на организацијата се под влијание на повеќе фактори. При масовно производство што се одвива рамномерно и континуирано, каде што вложувањата во производството се секојдневни и еднакви, а исто така, се еднакви и количествата на готовите производи што секојдневно излегуваат од производството, висината на залихите на производството во тек

зависи од големината на дневните вложувања на факторите на производство и од должината на производствениот циклус.

Наспроти тоа, кај поединечното производство и кај серискoто производство што се одвива по специјален дизајн (специјални порачки), залихите на производството во тек, од ден на ден, по започнувањето на производството покажуваат тенденција на зголемување , како резултат на кумулирање на трошоците на факторите на производството, се до завршувањето на производот односно производната серија. Висината на залихите на производство во тек во овој случај зависи од обемот на вложувањата на факторите во текот на производствениот циклус, како и од степенот на напредноста на процесот на производството (во подоцнежните фази на производството залихите на производството во тек се поголеми).

Во ситуации кога во организацијата истовремено се произведуваат повеќе производи, во разни серии и кога производството на секој производ или серија започнува и завршува во различно време, залихите на производството во тек можат да забележат тенденција на различно движење: да се движат рамномерно, да се зголемуваат или да се намалуваат, што ќе зависи од тоа дали во односниот интервал на време, во вкупното производство на организацијата преовладува учество на производи во подоцнежните или во почетните фази на изработка.

Ако се има предвид дека врз големината на залихите на производството во тек, при даден обем на производство, најголемо влијание има должината на производствениот циклус во кој се кумулираат вредноста на потрошните фактори на производство, тогаш скратувањето на производствениот циклус може да доведе до намалување на залихите на производството во тек. А ова би можело да се оствари со скратување на времето на технолошките операции, внатрешниот транспорт, времето на контролата на квалитетот и времето на чекањата (застоите) во производството, од разни причини.

Намалувањето на производствениот циклус, па според тоа и на залихите на производството во тек може да се оствари и со намалување на големината на одделните производни серии. Меѓутоа, како и во случајот на залихите на материјалите, така и во случајот на залихите на производството во тек, оптимализирањето на залихите може да се

оствари и со намалување на големината на одделните производни серии. Меѓутоа, како и во случајот на залихите на материјалите, така и во случајот на залихите на производството во тек, оптимализирањето на залихите не значи нивно минимизирање во секој случај, зашто сведувањето на залихите на минимум, со цел да се намали обемот на ангажираните обртни средства во нив, може да предизвика зголемување на некои други видови трошоци.

Така, производство во мали серии, со кое се обезбедува скратување на производствениот циклус, често е проследено со зголемување на трошоците за подготовка на производството, како и со зголемување на трошоците на капацитетот, поради ограничување на неговата големина, со загубите на време при честите измени на производите. Од таа причина на оптимализацијата на залихите на производство во тек мора да се претходи оптимализација на производствениот циклус, бидјеќи сметка за сите услови на таквото оптимализирање.

**2.3. Оптимализација на залихите на готови производи**

Од моментот на излегувањето од производството до моментот на испораката на купувачите, производите се наоѓаат на залиха. Залихата на готовите производи, според тоа, е последица на временско и количинско несовпаѓање на финализирањето на производите и нивната испорака на купувачите. Секое финализирање на производството во поголемо количество од онаа што им се испорачува на купувачите ја зголемува залихата на готовите производи во однос на финализацијата на производите, во определено време може да доведе до намалување на залихите на готовите производи.

Имајќи предвид дека поголемите залихи на готови производи врзуваат поголем обем на обртни средства намалувањето на залихите кое може да се оствари со усогласување на обемот на производството и продажбата и со скратување на интервалот од излегувањето на производите од производството до испораката на купувачите, е најдобриот начин да се дојде до намалување на обемот на ангажираните средства во нив.

Ваквата цел, секако, полесно може да се оствари кога производството се врши според стандарден дизајн - за непознати купувачи. Меѓутоа, и во едниот и во другиот случај, постои некоја оптимална залиха на готови производи, под која таа не би требало да се спушти. Таа оптимална залиха е детерминирана со најниските просечни трошоци, кои

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

ги сочинуваат трошоците за финансирање на залихите и нивното чување, од една, трошоците за подготовка на одредени количества за испорака на купувачите, од друга страна, какои од големината на ризикот од неостварена продажба поради отсуство на залихи на готовите производи.

## 2.4. Оптимализација на побарувањата

Побарувањата што ги има организацијата можат да бидат долгорочни и краткорочни. И едните и другите можат да се јават во повеќе видови, што може да се види од следниот преглед:

Долгорочни побарувања:

- *Долгорочни финансиски кредити дадени на други*
- *Продажба на строке на кредит на долг рок.*

Краткорочни побарувања:

- *Побарувања врз основа на дадени аванси на добавувачите,*
- *Побарувања од работниците врз основа на аконтации за службен пат и др.,*
- *Побарувања врз основа на преплатени обврски кон државата,*
- *Побарувања врз основа на кусорочно вложени средства кај други,*
- *Побарувања врз основа на дадени кусорочни финансиски кредити,*
- *Побарувања врз основа на продажбан а стока со краткорочен стоковен кредит и*
- *Побарувања од купувачите.*

Ангажирањето средства во побарувања има побвеќе позитивни и негативни ефекти врз работењето на организацијата и врз нејзината финансиска сила. Во позитивни ефекти на побарувањата би можеле да се вбројат следните:

1. Побарувањата во форма на финансиски пласмани, како што се финансиските кредити на долг и краток рок и вложените средства на долг и краток рок, носат на организацијата одреден принос во вид на камата, надоместок за користените

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

средства или учество во добивката што може да има поволно дејство врз зголемувањето на рентабилноста на организацијата.

2. Некои видови побарувања, како што се даденита аванси на добавувачите ја зголемуваат сигурноста на деловните односи меѓу партнерите во поглед на извршувањето на превземените обврски што има, исто така, позитивно влијание врз користењето на разположивите производствени капацитети на организацијата.

Некои видови побарувања иако не спаѓаат во оние кои имаат позитивно дејство врз финансиската сила на организацијата се јавуваат како неизбежни, како услов за нормално работење на организацијата. Такви се побарувањата врз основа на аконтации за службени патувања, а особено побарувањата од купувачите за продадени стоки и услуги. Во сегашни услови деловните односи меѓу партнерите не можат да се замислат без толерирање на должничко-доверителските односи во еден краток временски период од нивното настанување, во кој купувачот треба да се подготви да ја изврши својата обврска кон добавувачот.

Независно од причината што го условуваат нивното настанување, побарувањата врзуваат еден дел од средствата на организацијата, било на долг, било на краток рок. Кога постоењето на побарувањата е неизбежно, а сопствените извори на средствата се недоволни да го покријат нивното постоење, организацијата е принудена потребата од средствата да ја покрива со задолжување, со ангажирање средства од туѓи извори, Во ваквите случаи таа е изложена на зголемени издатоци-плаќање на надоместокот за позајмените средства. Меѓутоа, негативните ефекти на побарувањата не се огледаат само во товарот што го наметнува цената на позајмените средства. Треба да се има предвид дека секое побарување, а особено долгорочните носат со себе ризик на организацијата, еден дел од нив да остане ненаплатен,  или што е многу често, поради недоволната стабилност на куповната сила на паричните единици, во услови на инфлација, да се намали супстанцата на вложените средства. Освен тоа, и при најдоброто планирање на паричните текови, со цел да се оствари урамнотежување на обемот на динамиката на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

паричниот прилив и одлив, не е исклучена можноста за непредвидливи отстапувања, со поголеми негативни ефекти врз ликвидноста на организацијата.

Имајќи ги предвид позитивните и негативните ефекти на побарувањата организацијата е исправена пред проблемот, креирањето на побарувањата да се остварува и нивно оптимализирање, што подразбира:

- *Одржување на потребна стабилност во финансирањето на организацијата,*
- *Намалување на ризикот на вложените средства и тоа како за нивната наплата, така и за запазување на нивната намалена вредност и*
- *Максимирање на приносот на ангажираните средства во побарувања.*

За обезбедување на овие услови на оптимализацијата на побарувањата, на организацијата и стојат на располагање разни мерки.

Меѓу нив ќе ги наведеме слоедните:

1. *Утврдување на реални можности на организацијата за финансирање на одредени видови побарувања (утврдување на вишокот на средствата за ова намена),*
2. *Анализа на кредитната способност на должинците и квалитетот на партнерите со кои се здружуваат средствата; избор на најефикасни начини и средства за зголемување на сигурноста на наплатата на побарувањата (затезна камата, осигурување на побарувањата и др.);*
3. *Анализа на дејството на стопанските движења врз супстанцата на ангажираните средства во побарувањата и избор на најпогодни решенија за зачувување на супстанцата (скратување на рокот за наплата на побарувањата, контрола на благовременоста на наплатата, намалување на продажбата на кредит, давање каса-сконто за предвремено плаќање и др.,*
4. *Максимирање на приносот од долгорочните вложувања, земајќи ги предвид условите на понудата и побарувачката на средствата на финансискиот пазар.*

ISSN: 1857-8128

Трајна оптимализација на побарувањата не е можна поради динамичните измени на условите во кои се остварува оптимализирањето. Под таа причина оптимализацијата на побарувањата не значи утврдување на траен однос на организацијата кон побарувањата, туку непрекината активност на приспособување на тој однос кон променетите услови.

### 2.5. Оптимализација на паричните средства

Еден дел од обртните средства на организацијата секогаш се наоѓаат во форма на пари. Овие средства имаат променлива големина, пред се, поради неурамнотежената динамика на приливот и одливот на пари по разни основи. Поголемиот прилив на парични средства од одливот, во определени временски интервали, доведува до зголемување на паричните средства и обратно, помалиот прилив на парични средства од одливот, доведува до намалување на средствата во парична форма.

Како дел од вкупните средства и средствата во форма на пари имаат свој придонес во зголемувањето на вкупните трошоци на финансирањето. Но, поради значајната функција што ја имаат овие средства во одвивањето на процесот на репродукција во организацијата на нивното елиминирање, со цел да се избегнат трошоците на финансирањето, станува невозможно. Она што ваквиот сплет на околности е можно, а секако и потребно, тоа е да се води сметка за оптимализирањето на големината на паричните средства.

Под оптимална големина на средствата во парична форма се подразбира минималната големина на овие средства што е доволна да обезбеди редовно и непречено одвивање на плаќањата (да обезбеди потребен степен на ликвидност). А ова може да се обезбеди со планирање на динамиката на паричниот прилив и одлив и со нивното урамнотежување. Но, искуството покажува дека во определени момент, наспроти планираното урамнотежување на паричниот прилив и одлив, поради непредвидливи околности, може да дојде до влошување на ликвидноста на организацијата. Од таа причина планирањето на ликвидноста, освен урамнотежување на паричниот прилив и одлив во пократки квременски интервали, мора да вклучи и планирање на потребна парична резерва за обезбедување на ликвидноста.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Средствата што ја формираат резервата за ликвидност треба да бидат со таква големина која ќе овозможи континуитет на плаќања во непредвидените ситуации, а притоа нема суштински да ги зголемува трошоците на финансирањето.

Големината на резервата на ликвидноста иако е можно да се утврди по математички пат, сепак многу често се користат и интуитивните техники и методи, ценејќи ги поголемиот број на околности што се од значење за нејзината големина. Меѓу тие околности спаѓаат:

1. *Големината на резервата за ликвидност зависи од синхронизираноста на паричниот прилив и одлив, како и од степенот на веројатноста таа синхронизација реално да се одржува. Доколку во еден подолг период процесот на репродукцијата во организацијата обезбедува висок степен на синхронизираност на паричниот прилив и одлив, ликвидната резерва може да биде намалена и обратно, бголемите разлики меѓу приливот и одливот на пари во текот на работењето наметнува потреба за поголема ликвидна резерва, премостување на поголемиот расчекор меѓу нив.*
2. *На големината на резервата за ликвидност има влијание острината на санкциите што би ги поднела организацијата во случај на неликвидност. Доколку санкциите што се преземат врз организацијата, кога не е во состојба редовно да ги исплатува своите обврски кон други, се построги, дотолку ликвидната резерва ќе биде поголема, за да се спречи со неа (да се одложи) примената на односите санкции.*
3. *Големината на резервата за ликвидност зависи од начинот на работењето со паричните средства што се применува во организацијата. Така, работењето преку тековна сметка обезбедува поголема флексибилност во користењето на средствата. Поради можноста да се јави како должник кон банката, во рамките на определен лимит на кредитот, организацијата е во состојба да ги користи во целост сопствените средства на тековната сметка, а одобрениот кредит да и служи како резерва за ликвидност, практично, не предизвикува трошоци за нејзино финансирање. Ваквата предност не постои кај*

*работењето со пари преку жиро сметка, зашто при користењето на средствата на жиро сметката организацијата мора да воид сметка да остави и еден износ како резерва за ликвидност.*

Како што поголемиот одлив од приливот, во одредени интервали, ги исцрпува паричните средства на организацијата и ја намалува нејзината ликвидност, така поголемиот прилив од одливот создава вишок на парични средства. Таквиот вишок на средства има позитивно дејство врз ликвидноста на финансирањето, па според тоа и врз рентабилноста. Поради тоа, стопанисувањето со паричните средства, освен грижата за обезбедување на ликвидноста, ја вклучува и грижата за обезбедување на ликвидноста, ја вклучува и грижата за искористување на вишокот на паричните средства што може да се јави во определени интервали.

Треба да се има предвид дека и паричните средства што се јавуваат како вишок можат да носат одреден принос, ако се користат на соодветен начин. Максимален принос од користењето на вишокот на паричните средаства ќе може да се оствари ако правилно се оцени неговата големина и времето во кое се јавува и ако, соодветно на тоа се избере најпогоден вид за негово пласирање. При изборот на видот на пласманот на повремените (кусорочните) слободни парични средства, освен максимирањето на приносот на средствата, мора да се води сметка и за рокот на кој тие средства се врзуваат, за да не се доведе организацијата во положба, зголемената потреба за парични средства, во отсуство на сопствените средства, да ја надоместува со средствата од позајмени извори, со повисока цена од приносот што го остварува на сопствените пласмани. Во стопански поразвиените земји во светот постојат разни можности за краткорочно пласирање на слободните парични средства. Наспроти тоа, кај нас овие можности се многу поограничени. Како погодни можности за користење на слободните парични средства се тековните сметки, а особено депозитите со отказен рок. Наспроти овие видови пласмани, од аспецт на можностите за претворање во ликвидни средства, орочените депозити се помалку еластични, поради цврстиот рок на врзувањето.

### 2.6. Оптимализација на изворите на обртни средства

Под оптимализација на изворите се подразбира такво усогласување на изворите со потребите што се финансираат, со кое се остварува најповолен одраз врз стабилноста на финансирањето, врз ликвидноста и рентабилноста на организацијата. Изворите на средствата ќе бидат во согласност со потребите што се финансираат доколку се соодветни на обемот на потребите и на рочноста на врзувањето на средствата.

## 3. Заклучок

Обртните средства се динамична категорија. Нивната големина, под претпоставка останатите услови да останат непроменети, е променлива и зависна од промената на обемот на работењето, така што на секој различен степен на користење на капацитетите на организацијата им одговара и различна големина на обртни средства.

Но измената на големината на обртни средства не е само последица на измената на обемот на активноста на организацијата. Обртните средства бележат измена во својата големина во одделни делови на еден период и тогаш, кога нема битни промени во видот и обемот на работењето, најчесто како последица на нееднаквиот интензитет на ангажирање на средствата во одделни фази на циклусот на репродукцијата и на нееднаквиот распоред на одделните фази во рамките на целиот период.

Така, во низа организации, поради  сезонско влијание, во помала или во поголема мера, постои издиференциран период на набавка и производство во кој се врши интензивно ангажирање на обртни средства и период на продажба-како период на дезангажирање на средствата. Под влијанието на сезонски и други фактори динамиката на ангажирањето на средствата во организацијата , може да биде различна, при што обртните средства во моментот на врвно ангажирање можат да бидат значително поголеми од обртните средства во моментот на нивното минимално ангажирање.

Земајќи го како критериум најниското ниво на ангажирање на обртните средства, кај вкупните обртни средства на организацијата би можеле да се разликуваат два дела и тоа:

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- *Дел на минимални или трајни (постојани) обртни средства и*
- *Дел на повремени обртни средства.*

Под минимални или трајни обртни средства се подразбира делот од вкупните обртни средства на организацијата во определен момент, што е еднаков на обемот на обртни средства во моментот кога тие се наоѓале на најниското ниво. Разликата на вкупните обртни средства што е над трајните обртни средства го претставува делот на повремените обртни средства

Во времето кога обртните средства се наоѓаат на најниско ниво, вкупните обртни средства се еднакви со минималните (трајните) обртни средства, а тоа значи дека во тој момент не постојат повремени обртни средства.

Минималните обртни средства се наречени трајни или постојани обртни средства бидејќи нивната големина е еднаква во текот на целиот период. Дополнителните обртни средства, пак, се наречени уште и повремени, зашто нивната големина, за разлика од трајните обртни средства која е непроменлива, се менува и тие постојат само тогаш кога вкупните обртни средства ја надминуваат големината на трајните обртни средства.

Потребно е да се обележи дека во нашата практика, како последица на правната регулатива, сфаќањето на суштината на трајните обртни средства се разликува од досега изнесеното. Имено, како трајни обртни средства се сметаат само средствата ангажирани во залихите на суровини, материјали, ситен инвентор и амбалажа, производство и готови производи и стоки, како и разграничените лични доходи и други издатоци од доходот врз основа на залихи, што се наоѓаат над просечното ниво имаат третман на сезонски залихи.

Разликувањето на обртните средства на трајни и повремени (сезонски) има големо значење за оптимализацијата на изворите на обртните средства. Со оглед на тоа што постојаните обртни средства во текот на целиот период се наоѓаат во еднаква големина, нивното финансирање, по правило, треба да се врши од трајни или долгорочни извори на средства. Секако, најдобро е овие средства да се финансираат од сопствени извори, зашто на таков начин се обезбедува потребната стабилност на финансирањето. Доколку сопствените средства не се доволни да ги покријат наведените потреби во целост, можно е користење и на средства од позајмени извори, но само од долгорочни извори. Доколку

финансирањето на трајните обртни средства се врши од краткорочни извори на средства, постои опасност да се наруши стабилноста на финансирањето и ликвидноста на организацијата. Освен тоа, во голем број случаи, поради високите каматни стапки на краткорочните кредити, финансирањето на трајните обртни средства од вакви извори станува многу неекономично.

Повремените обртни средства може да се финансираат од сопствени извори на средства, доколку нивната големина го допушта тоа. Но, во одделни случаи, поради променливоста на овие средства, нивното финансирање од сопствени (трајни) извори на средства, може да се покаже како нерационално. Иако сопствените средства се, во основа, поекономични од позајмените, користењето на позајмени средства во покуси периоди може да биде порационално, отколку користењето на средства од сопствени извори. За организацијата често е пооправдано средствата од сопствени извори да ги пласира за финансирање на некои долгорочни вложувања, од кои се добива поголем принос, отколку што изнесува каматата и другите трошоци на позајмените средства кога со нив се финансираат вложувањата во повремени обртни средства.

Практиката покажува дека за финансирањето на вложувањата во повремени обртни средства одредена предност имаат краткорочните кредити, дури и во таквите услови, кога каматната стапка за овие кредити е поголема од каматната стапка на долгорочните средства. Ова произлегува оттаму, што на средствата од долгорочни кредити, поради подолгиот период на користење и при пониска стапка, се плаќа поголема камата од онаа што би се платила за краткорочните кредити којха е повисока, пред се, како последица на пократкиот период на користење на средствата од краткорочните кредити.

За финансирањето на повремените обртни средства би можеле да се користат различни видови кратокорчни кредити: парични или стоковни, банкарски кредити или кредити од деловните партнери. Изборот на конкретниот извор за финансирање на воложувањата во обртни средства ќе зависи од намената на средствата и од условите што постојат на финансискиот пазар.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4. Користена литература

[1] Eugene F. Brigham, Intermediate Financial Management, Mixed media Product, 2009

[2] Eugene F. Brigham, Fundamentals of Financial Management, Mixed media product, 2009

[3] Peter Atrill, Financial Management for Decision Makers, Paperback, 2014

[4] Dr, Jae K.Shim, Financial Management, Dr. Jae K. Shim, Paperback, 2009

[5] Проф.д-р Маријан Стевановски, Финансиски менаџмент, МИТ Универзитет, 2013

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# INFLUENCE OF THE ORGANIZATIONAL CULTURE ON KNOWLEDGE MANAGEMENT PRACTICES IN THE ORGANIZATIONS

Liljana Pushova[a]*, Aleksandra Cibreva – Jovanovska[b], Biljana Buzlevski[c], Aleksandar Dejanovski[d]

[a,b,c,d]*MIT University, Faculty of Management, blv Third Macedonian Brigade, Skopje, Macedonia*

**liljanapusova@yahoo.com*

## Abstract

Knowledge management is an area which, in the past years, has received wide attention in practice and research. A hallmark of the new economy is the ability of organizations to realize economic value from their collection of knowledge assets, as well as their assets of information, production distribution, and affiliation. Namely, the ability of the companies to identify, to preserve and transmit the individual knowledge of the employees, which improves and enlarges the organizational knowledge as well, is a key factor that leads to improvement of the efficiency of the companies and to improvement of their position in comparison with the competitors. The processes of knowledge management in the company should be implemented at all organizational levels and in all different sectors. One of the most important factors for successful implementation of the program are the employees themselves, the organizational culture and the technology used.

According to Hofstede (1980), organizational culture refers to the collective programming of the mind that distinguishes the members of one organization from another. This includes shared beliefs, values and practice that distinguish one organization from one another. The organizational culture within the organization can affect its overall performance and to optimize business processes. It is often cited as a significant challenge in knowledge management practices. Much of the research in this field has shown that the efforts for knowledge management within the organizations clash with the corporate culture, and, as a

result, have a limited impact.

The main purpose of this article is to analyse the influence of the organizational culture in the organizations on the knowledge management practices.

***Keywords:*** organizational culture; knowledge management practices; modern organizations;

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ВЛИЈАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА ВРЗ МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗНАЕЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Лилјана Пушова*[a], Александра Цибрева – Јовановска[b], Билјана Бузлевски[c], Александар Дејановски[d]

[a,b,c,d]*МИТ Универзитет, Факултет за менаџмент, бул. „Трета македонска бригада“б.б., Скопје, Македонија*

[*] *liljanapusova@yahoo.com*

## Резиме

Менаџментот на знаење е област која, во последните години, често се третира во праксата и во науката. Една од најбитните карактеристики на новата економија е способноста на организациите да ја препознаваат вредноста на организациското знаење, како и вредноста на нивните информации. Имено, способноста на организациите да го идетнификуваат, да го сочуваат и да го пренесат индивидуалното знаење на вработените, кое дополнително го збогатува и зголемува и организациското знаење, е клучен фактор кој води до подобрување на ефикасноста на организацијата и подобрување на конкурентската положба на истата. Процесите за менаџирање на знаењето во организациите треба да бидат имплементирани на сите организациски нивоа и во сите сектори. Еден од најважните фактори за успешна имплементација на програмите за менаџирањето на знаењето се самите вработени, технологијата и самата организациска култура.

Според Hofstede (1980), организациската култура се однесува на колективната свест која ги разликува вработените во една организација од друга. Ова ги вклучува заедничките верувања, вредности и практики кои прават разлика помеѓу две организации. Организациската култура може да има влијание врз целокупната продуктивност во организацијата и може да придонесе за оптимизација на бизнис процесите. Многу често се наведува како значаен предизвик во процесот на менаџирањето на знаењето во една организација. Многу од истражувањата кои се спроведени во оваа област покажуваат дека

практиките за менаџмент на знаењето се во судир со организациската култура, па токму поради тоа имаат ограничено влијание.

Целта на овој труд е да се анализира влијанието на организациската култура врз практиките за менаџирање на знаењето.

***Клучни зборови:*** организациска култура; практики за менаџирање на знаењето; модерни организации;

## 1. Вовед

Луѓето, односно човечките потенцијали (или ресурси) се клучната компонента за да се направи квалитетна програма за менаџмент на знаењето во една организација/претпријатие. Поради ова, може да се заклучи дека видот на организациска култура којашто постои во претпријатието или организацијата во прашање е од големо значење за добро управување на знаењето. Давенпорт и Прусак (Davenport and Prusac, 1998) истакнуваат дека поради тоа што организациите комуницираат и се тесно поврзани со околината, тие апсорбираат информации, ги претвораат во знаење и преземаат акции базирани на истото во комбинација со нивните искуства, вредности и внатрешни правила. Секое претпријатие има единствена организациска култура, својствена само за него, која се состои од организациските сопствени вреувања, вредности и норми. Ова дополнително ја нагласува врската на организациската култура и менаџментот на знаење во организацијата. Претпријатијата кои сакаат да воспостават активни практики на менаџирање на знаењето треба да негуваат организациска култура и околина кои го поттикнуваат учењето.

Сепак, во пракса може да се забележи дека имплементацијата на процес на управување на знаењето во едно претпријатие е пример кадешто културата вообичаено не е предмет на прашање. Иако имплементацијата на нов процес/програма може до одреден степен да ја зголеми свесноста за организациската култура којашто постои, не толку често предизвикува стимул за надградување на истата. Поради ова, организациската култура може да биде врската која недостига за успех на процесот на менаџмент на знаењето во претпријатието.

Врската која постои помеѓу успешно воведување на практики за менаџирање на знаењето во една модерна организација и самата организациска култура која постои не смее да се игнорира. Самиот процес на воведување на нова практика бара промена на организациската култура – доколку организацијата не го прифати новитетот, нема да може да се зборува за успешна имплементација на нова практика.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2. Значење и важност на организациската култура

Воведувањето на поимот „организациска култура“ во деловната литература се појавува со реализацијата дека постојат разлики во конкурентската ефективност на претпријатијата кои имаат различна организациска култура, иако станувало збор само за разлики во структурните карактеристики на организациите кои биле во прашање (Pascal and Athos, 1981). Организациската култура станува поле на истражување во периодот на доцните осумдесети години од минатиот век, кое посебно било поврзано со перформансите на организацијата. Постојат многу дефиниции за поимот „организациска култура“, од кои некои се поопшти, а други пак даваат попрецизно објаснување на поимот.

Организациската култура е израз на доминантните вредности на една организација, вклучувајќи го и начинот на кој ги правиме нештата околу нас.[1] Во секоја организација постојат практики, верувања, симболи, ритуали и митови кои се специфични само за организацијата во прашање, а сите членови (вработени) на таа организација се вклучени во создавањето, одржувањето и почитувањето на тој кодекс на однесување, односно организациска култура. Кога идеите, нормите на однесување, вредностите и принципите што ги застапуваат индивидуите стануваат начин на однесување во организацијата, може да се зборува за организациска култура.

Организациската култура е шема на споделени и цврсти верувања и вредности кои се развиваат во една компанија со тек на време (Gordon and Ditomaso, 1992). Со оваа дефиниција се воведува и времето како фактор при создавање на организациската култура бидејќи организациската култура е феномен кој се создава со тек на време, односно во одредени временски рамки. Со други зборови, колку подолго постои претпријатието, поразвиена ќе биде и неговата организациска култура, секако доколку е поставена врз цврсти основи и стабилизирани норми на однесување. Меѓутоа, би требало да се истакне дека колку е поразвиена организациската култура (што имплицира дека се создавала во

[1] Bower M., “The Will to Manage”, New York: Mc Graw – Hill, 1986

подолг временски период и се работи за норми на однесување кои се прифатени и востановени во свеста на вработените) толку е потешко истата да се промени под услови на некакво дополнително надворешно или внатрешно влијание.

Van der Erve (1994) по разгледувањето на многу дефиниции за организациската култура дава една општа дефиниција која ги опфаќа постоечките – „ Културата ја претставуваат споделените вредности и однесувања кој ја поврзуваат заедницата. Таа е како правилата во играта – невидливото значење на правилата кои обезбедуваат единство“. Дополнително, културата може да се третира и како еден вид на „социјален лепак“, којшто служи да создаде врска помеѓу индивидуите и креира кохерентност помеѓу деловите во организацијата. Со помош на организациската култура се одржуваат редот и регуларноста во организацијата.

Во основа, најголем дел од авторите кои ја разработуваат оваа проблематика се согласуваат дека организациската култура во основа се состои од споделените вредности во рамките на групата и определената култура во претпријатието/организацијата е во врска и со надворешното опкружување. Организациската култура, покрај тоа е динамичен систем кој е под влијание како на околината, така и на вработените во самата организација.

## 3. Менаџмент на знаење и неговата важност во организациите

Во последните 20 години авторите обрнуваат се поголемо внимание на знаењето како еден од клучните ресурси на денешнината. Поради ова, не е изненадувачки тоа што компаниите сфаќаат дека мора да знаат што тие навистина знаат, како и да ги искористат максимално придобивките од стекнатото организациско знаење.

Идејата дека знаењето може да се менаџира е основата за бизнисите кои се базирани на знаењето, организациите кои учат, како и менаџментот на интелектуалниот капитал. Постојаниот интерес за овие концепти кои во многу работи се преклопуваат го прикажува феноменот со кој компаниите мора да се справат, како на пример перцепцијата за зголемената конкуренција, брзината и фреквентноста со која се случуваат промените,

ISSN: 1857-8128

како и турбулентноста на глобалниот пазар. Поради ова, компаниите мора да бараат нови начини како да останат во бизнисот и да се справат ефикасно со конкуренцијата. Еден од клучните процеси за да се достигне ефективност е за се откријат и/или препознаат средствата коишто компаниите ги имаат, но не ги користат најоптимално (не го користат целосно нивниот капацитет). Секако, тоа може да бидат вработените (човечкиот капитал), информациите, како и знаењето (особено тацитното знаење). Овие ресурси на компаниите (човечкиот и интелектуалниот капитал) може да им создадат услови за подобро пласирање на пазарите, зголемена иновативност, конкурентска предност и сл.

Еден од најголемите предизвици за менаџерите во денешницата е да се определи која информација и кое знаење во рамките на една организација се карактеризираат како важни и значајни. Битно да се сфати е дека менаџментот на знаење е тесно поврзан со луѓето и нивниот интелектуален капитал. Тој произлегува од компетентноста на вработените, од нивните идеи и мотивација.

Една од најважните карактеристики на менаџментот на знаење е тоа пто ова е еден динамичен процес кој константно се менува и е под силно влијание на промените кои настануваат во надворешното и внатрешното опкружување. Во процесот на менаџмент на знаењето не постои константа, затоа што целокупното знаење во организацијата постојано се тестира, се обновува, се ревидира, а во одредени случаи, кога е застарено и не може да се користи, се напушта, па се преминува кон создавање на ново знаење.

## 4. Фактори кои влијаат на менаџментот на знаење

Влијанието кое знаењето го има врз деловниот успех на компаниите, но и временскиот период во кој тоа знаење може да даде позитивни резултати и да додаде вредност на компанијата може да се разработи преку следните шест сили кои влијаат на целиот процес. Овие сили создале бизнис околина во која создавањето на ново знаење и менаџирање и негова брза примена во самото работење се клучните фактори за создавање и одржување на стратегиска конкурентска предност, профитабилност и капитализација на пазарот. Тие опфаќаат:

ISSN: 1857-8128

- Брзина на создавање и споделување на информациите;
- Достапност на огромен број на информации;
- Знаењето се третира како клучна додадена вредност на производите/услугите;
- Знаењето има поголема пазарна вредност отколку физичките средства;
- Создавање на нови структури за координација на знаењето под притисок на глобализацијата;

## 5. Анализа на врската помеѓу организациската култура и практиките за менаџмент на знаење

Организациската култура и нејзиното влијание врз процесот на имплементација на програма за менаџмент на знаењето во организациите се запоставува, пред се поради следните причини:

- Менаџерите се обидуваат да не размислуваат за културата, било пресонална или организациска, затоа што културата е длабоко всадена. Шемата на вредности, однесувања и верувања се толку вкоренети, вметнати во однесувањата, така што однесувањата стануваат автоматски и несвесни;
- Компонентите на организациската култура се нематеријални. Ако во една компанија се запрашаат вработените да ја опишат нивната организациска култура, тие ќе дадат различни одговори бидејќи луѓето избираат различни погледи во согласност со нивните лични убедувања;
- Луѓето ја забележуваат организациската култура само кога се соочуваат со промени. Всушност, луѓето очекуваат и другите да имаат култура слична на нивната. На пример, доколку некој работник работел во една компанија подолго време, а потоа започнал да работи во друга, ќе стане почувствителен на разликите во организациската култура;
- Честопати, луѓето ја сметаат организациската култура како нешто што е дадено и не е подложно на промени. Како резултат на ова, организациската култура се запоставува.

За да може да се оствари очекуваниот резултат од менаџирање на знаењето во компанијата, улогата на организациската култура мора да се разбере добро. Организациската култура има два елементи – видлив, објективен дел и суптилен дел, кој се карактеризира со поголема субјективност, односно како вработените во компанијата ја разбираат самата организациска култура. Лесно е да се определи и да се опише општиот, видливиот дел на големите компании. Таа може да се согледа преку компаниските регулативи, институционалните процеси, технологијата, работната етика и односите помеѓу вработените. Но, треба да се напомене дека постојат и посуптилни, субјективни елементи на организациската култура кои постојат во определени сектори, или пак, работни групи во организацијата, кои може да имаат влијание на успешното прифаќање на нови идеи и нови начини на работа.

Верувањата, вредностите, однесувањето, нормите и улогите на вработените или на работните групи се многу важни и имаат големо влијание на начинот на кој новото знаење се интегрира и се користи. Она што е специфично е што при овој процес може да се јават некои проблеми. На пример, членовите на групата може да тврдат дека тие споделуваат информации со останатите членови на целата група, додека пак во реалноста тие споделуваат информации само со мал дел од вработените. Дополнително, може да изгледа дека групата со нетрпение очекува да се адаптира на новите системи и практики во работата, но лидерот на групата, сакајќи да ја одржи контролата што ја има на процесот на донесување одлуки, индиректно да го опструира овој процес.

Во многу организации се случувало да инвестираат во нова технологија, но тоа не им помогнало многу да ја подобрат нивната интегрираност и да ја зголемат својата ефикасност. Во многу случаи, технологијата самата по себе не претставува главен проблем. Во овие случаи, елементите во организациите се отпорни на културолошките промени што ги носи новата технологија. Наместо да ги искористат предностите кои ги носи новата технологија, честопати вработените кои не можат да се приспособат на новите промени во организациската култура не прават никакви промени, а со тоа го зголемуваат самиот обем на работа, наместо да го намалат. Во поширок контекст, деловната намена на средствата кои овозможуваат подобар менаџмент на знаењето во

организациски рамки е да се забрза процесот на донесување на одлуки со обезбедување на неограничена (или барем проширена) информација на сите нивоа во организацијата.

Генерално, може да се дефинираат три главни вида на културолошки компоненти за развој на систем за управување на знаењето во организацијата и тоа:

- Способност за споделување на информации;
- Способноста на лидерите да ги мотивираат вработените да соработуваат;
- Поврзаност со општата деловна стратегија;

## 6. Заклучок

Културата, која главно е оформена од страна на луѓето вработени во организацијата, е една од основните работи кои создаваат соодветна околина за менаџмент на знаењето. Пред да се воведе нова програма мора да се земе предвид и самата организациска култура бидејќи таа има влијание како претпријатието ќе ја прифати и негува новата програма (или било која новина во работењето). За да може менаџментот на знаење да биде успешен потребно е организациската култура да биде култура која поддржува управување со знаењето на вработените. Доколку менаџментот на знаење стане интегрален аспект на организациската култура, несомнено ќе биде и интегрален дел од работењето на претпријатието.

Вообичаено, новите програми или принципи само се додаваат во веќе постоечката култура, наместо да се работи на нивно интегрирање во истата. Со други зборови, во организациската култура не настанале никакви промени се со цел новите принципи и програми да се вклопат во неа. Во таков случај, верувањата, вредностите, системите, политиките и системите на менаџмент во склоп на организациската култура нема да работат во согласност и постојана интеракција со системите на менаџмент на знаењето.

Доколку културата не ги поддржува принципите за менаџирање на знаењето продолжуваат да се појавуваат пречки и во крајна инстанца го уништуваат успехот на системот за управување со знаењето. Вработените во претпријатието може и да продолжат да ги посетуваат работилниците за менаџирање и споделување на знаењето, но потоа да се

сретнат со култура која не го поддржува. Поради тоа што нема да се јават забележителни резултати, претпријатието ќе претпростави дека менаџментот на знаење не функционира како што треба. Меѓутоа, во денешните услови на работење претпријатијата стануваат се посвесни дека потребата за менаџирање на знаењето е неминовна за да се оствари деловен успех и конкурентност на подолг рок. Поради тоа, се вршат престуктурирања во компаниите и континуирано се имплементираат програми кои ќе овозможат остварување на деловен успех. Како и да е, грешка која компаниите ја прават е тоа што тие едноставно ги наметнуваат, ги додаваат промените во посточката организациска култура. Се со цел да се воведе еден формализиран систем на менаџмент на знаење во една организација, како и секоја друга промена, бара организациска култура која ќе ја поддржи оваа промена.

Би требало да постои постојана поддршка и намалување на препреките се со цел компаниите да воспостават ефикасни и ефективни системи за менаџирање со организациското знаење. Поради тоа, треба да се направи процена на постоечката организациска култура и да се дефинира кои промени (но уште поважно како) треба да се направат се со цел во претпријатието да се прифати системот за менаџмент на знаењето. Сепак, организациската култура се состои од вредности и верувања кои се длабоко вкоренети во свеста и потсвеста на вработените и промената на ситата може да е долготраен и тежок процес. Имено, организациската култура влијае на деловните стратегии кои се превземаат и на перцепциите на деловното опкружување. Поради тоа, за да се постигне успех со имплементација на систем за менаџирање на знаењето, оденсувањето во организацијата и организациската култура мора да бидат соодветни на промените кои ќе настанат.

За да се постигне ефикасност и ефективност при воведување на систем за менаџирање на знаењето мора да се воспостави и култура која ќе соработува, ќе поддржува и ќе ги отстранува постоечките препреки. Иако не постојат многу пишани документи за врската помеѓу знаењето и организациската култура, јасно е дека организациската култура би требало да го прифати менаџирањето на знаењето за да може да се зборува за воспоставување на ефикасен систем и здрава организациска култура и опкружување. Поради ова, менаџерите во организациите не би требало да ја запоставуваат

организациската култура. Наместо тоа, таа би требало да биде содржана во компанискатa мисија, визија и цели.

## 7. Користена литература

[1] Alavi, M., & Leidner, D. E. (2001). Review: Knowledge management and knowledge management systems: Conceptual foundations and research issues. *MIS quarterly*, 107-136.
[2] Alvesson, M., & Sveningsson, S. (2015). *Changing organizational culture: Cultural change work in progress*. Routledge.
[3] Barney, J. B. (1986). Organizational culture: can it be a source of sustained competitive advantage?. *Academy of management review*, *11*(3), 656-665.
[4] Cameron, K. S., & Quinn, R. E. (2005). *Diagnosing and changing organizational culture: Based on the competing values framework*. John Wiley & Sons.
[5] Davenport, T. H., De Long, D. W., & Beers, M. C. (1998). Successful knowledge management projects. *MIT Sloan Management Review*, *39*(2), 43.
[6] Gold, A. H., & Arvind Malhotra, A. H. S. (2001). Knowledge management: An organizational capabilities perspective. *Journal of management information systems*, *18*(1), 185-214.
[7] Leidner, D. E., & Kayworth, T. R. (2008). Knowledge management and organizational culture. *AN EVOLUTIONARY VIEW*, 40.
[8] Schein, E. H. (2006). *Organizational culture and leadership* (Vol. 356). John Wiley & Sons.
[9] Wiig, K. M. (1997). Knowledge management: where did it come from and where will it go?. *Expert systems with applications*, *13*(1), 1-14.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# WORKING WITH DREAMS IN GESTALT THERAPY

Miroslav Pendaroski, PhD

*MIT University, Faculty of Psychology, Skopje, Macedonia*

*m.pendaroski@yahoo.com; miroslav.pendaroski@mit.edu.mk*

## Abstract

Dreams are part od the deepest psychic life of the human being. In contemporary psychology and especially in every serious contemporary psychotherapeutic school it's essential to work with dreamsfor a personal growth and psychotherapy in work in individual and group environment. Gestalt therapy is one of the leading psychotherapies in the world nowadays and deaks with dreams from the aspect of its theoretical background and its methodology. This paper gives the roots of working with dreams in Gestalt therapy and shows several most important conceptions and also methods and techniques in a practical work with dreams.

***Keywords:*** dreams; psychotherapy; gestalt; theory; psychology.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# РАБОТА СО СОНИШТА ВО ГЕШТАЛТ ТЕРАПИЈА

**Доц. д-р Мирослав Пендароски**

*МИТ Универзитет, Факултет за Психологија, Скопје, Македонија*

*m.pendaroski@yahoo.com; miroslav.pendaroski@mit.edu.mk*

**Апстракт**

Соништата се дел од длабокиот психички живот на човекот. Во современата психологија а посебно во секоја сериозна современа психотераписка школа неминовна е работата на соновите со цел лишен развој ипсихотерапија во работата со групи и поединци. Гешталт терапијата е една од водечките психотерапии во светот и таа се занимава со работа на соновите од аспект на својата теориска позадина и својата методологија. Овој труд ги дава основите на работата со соновите во Гешталт терапијата и прикажува неколку теоретски најзначајни концепции но и методи и техники на практичната работа со сонови.

***Клучни зборови:*** сонови; психотерапија; гешталт; теорија; психологија.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Основни теоретски поставки на гешталт терапијата со сонови. Психоанализата и гешталтот по прашање на сопновите. Критики

Фројд одамна рече дека неодгатнатиот сон е како *неотворено писмо* (според: Фројд, 2006 и др.) и додаде дека тој претставува *царски пат до несвесното* (според: Фројд, 2006 и др.) Психоанализата е првиот психотераписки и теоретски модел кој се занимаваше со оваа проблематика и за првпат на светот на психичкото му призна егзистенција во еден друг облик на свеста – сонот! Големината на психоаналитичката парадигма кога соништата се во прашање е во фактот што за првпат ја узна важноста на ваквата инаква егзистенција на истото – човековата душа! Психоанализата го разбираше сонот како производ на несвесните динамики на личноста произлезени од ИД-от кој во себе носи значајна несвесна потисната потреба и желба. Таквиот психодинамски и т.н. хидрауличен модел на сфаќање не беше прифатлив за концепциите на Фриц Перлс. Имено, тој тврдеше сосема спротивно на психоаналитичката доктрина дека сонот е *кралски пат до интеграцијата* (Perls, 1976, според: МекКевин) со што сакаше да ја истакне интеграциската улога на сонот како само еден од значајните модуси на оцелување, холизирање на личноста. Оваа парадигма целосно се вклопува во теориската концепција на гешталт терапијата која го истакнува целовитото, гешталтот, организмот, холизмот. Исто така Перлс истакнувал дека сонот претставува *проекција* (според: Müller, 1996) односно, дека сонот се однесува на актуелниот живот само и единствено на сонувачот, т.е. оној кој го произвел овој динамичен систем наречен сон. Ваквите концепции ја спротивставуваат идеологијата на Перлс наспроти психоаналитичката идеологија, истакнувајќи ја активната и динамичка, творителска улога на сонувачот, т.е. иако сонот е несвесен призвод, ваквата концепција ја враќа одговорноста во изворот на сонот – сонувачот. Со тоа се истакнува и методот имплицитно наведен во ваквата теоретска доктрина – идентификација со ликовите и елементите на сонот и нивното земање како делови на Селфот на сонувачот. Всушност, најцелесообразно и најкорисно е да се истакне дека Перлс сите елементи на сонот (особено ликовите !) ги земал како проекции на одредени сегменти, делови, потличности и др. на селфот на сонувачот. Но, Перлс

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

истакнувал дека сонот исто така е и *егзистенцијална порака* (според: Müller, 1996) што значи дека овде бил поблиску до психоаналитичкото гледиште кое исто така ја истакнува мисионерската и проспективна улога на сонот, но, за разлика од тоа гледиште, гешталтот ја нагласува актуелната и егзистенцијалистичка нишка на таа порака. Кај психоанализата таа порака најчесто се поврзува со потиснати сеќавања и елементи од будниот живот на минатото, особено далечното минато, што е сосема спротивно во феноменолошка и хронолошка смисла. Значи, важно е да се заклучи дека гешталт терапијата ја истакнува сегашноста како место на важноста на пораките и проекциите и нејзините реперкусии врз актуелниот живот на сонувачот. Проекцијата во таа смисла, според сфаќањето на Милер (1996) ја намалува и менува директивната релациона улога на терапевтот во дијалошкиот Јас-Ти однос и повеќе го става терапевтот во улога на некаков фацилитатор или режисер отколку директен учесник, што секако е во директна спротивност со психоанализата. Во таа смисла оди и критиката на Перлс кон Фројд, истакнувајќи дека сонот не престанува со намерно потиснување туку со спонтаното синтетизирање на селфот сонот се уништува сонот токму поради спонтаната промена на релација фигура-позадина, т.е со самото будење кое е сопсема спротивна состојба на свеста одф спиењето настанува отфрлање на содржината на сонот во позадина на сметка на актуелните будни искуства (според: Perls, Heferlajn, Gudman, 1951, стр. 158) Ова оди во прилог на теоријата за важноста на фигура-позадина теориската концепција наспроти психоаналитичкото сфаќање за примарноста на потиснувањето кое придонесува кон промена на состојбите будбност-сон и заборавање на елементите од содржината на сонот. Но, Исадор Фром (според: From, Miller, 1977, 1983) во таа смисла пак оди со критика на самиот Перлс истакнувајќи дека со сфаќањето и протежирањето на сонот како проекција, сонувачот се води далеку од Сега и Овде олицетворено во релацијата со терапевтот (кој како што истакнавме е повеќе во овој случај режисер отколку директен елемент во односот!) а со тоа и во димензиите минато и сеќавање, односно надвор од реалниот контекст. Ова ги доближува психоанализата и гешталтот повеќе отколку што ги оддалечува. Во тој контекст Фром додава дека друга грешка на Перлс во таа смисла е што со поместување на сонот кон содржината, или како што вели во *што*-то а не во *како*-то, т.е. во содржината наместо во структурата, Перлс ги

крши основните фундаменти на теоријата на гешталт терапијата. Таа според Фром е терапија на структурата на сонот а не неговата содржина (според: Miller, 1996; From, Miller, 1977, 1983) Токму затоа Фром сонот повеќе го смета за ретрофлексија отколку за проекција! Во таа смисла, со кажувањето на сонот и повторното присетување и сеќавање на истиот таа содржина помага да се надмине ретрофлексијата, т.е. сонот да се понадворешни, изнесе а со тоа да се направи контактот наместо повлекувањето во себе што го овозможува ретрофлекцијата. Дословно, Фром вели - : "клиентот сфаќа и идентификува дека тој е оној кој го направил сонот, тој е оној кој го запомнил сонот и тој е оној кој одлучил да му го каже сонот на терапевтот." (From, 1985) Со тоа акцентот и одговорноста се враќаат на сонувачот како најактивен чинител во себе-промената а кое претставува основна теоретска концепција на гешталтот. Фром оди уште потаму истакнувајќи дека со кажувањето на сонот на терапевтот и свесноста на терапевтот за трансферот во сонот кон него во вид на симболи овозможува таа ретрофлексија полесно да се разбие, изнесувајќи ги содржините на сонот во реалциона форма (упатени кон терапевтот) а со тоа останувајќи во Сега и Овде и давајќи им актуелна, конкретна и искуствена форма. Па, истакнува Фром, наместо како што вели Перлс да се идентификуваме со одреден елемент од сонот, ние може да замолиме клиентот/сонувач да не идентификува нас (терапевтот) во некој симбол на сонот. Со тоа ја држиме структурата и свесноста во актуелниот контакт, играјќи си на границата трансфер-контратрансфер, ставајќи ги во функција на полето и ефектуирајќи кај клиентот/сонувач преку неговото конкретно и живо чувство дека сонот се одигрува конкретно и има некаква врска со релацијата терапевт-клиент.

Сепак, на крајот и покрај бројните критики како онаа на Фром, останува фактот дека Перлс овозможил оригинален приод во работата со сонови истакнувајќи дека се избегнува интерпретацијата и дека главната улога во целиот процес ја има токму клиентот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2. Аспекти на соновите според гешталт терапијата

МекКевин разликува неколку аспекти на соништата и ги сфаќа како одраз на неколку можни нивни форми/облици. Тој зборува за соништата како:

- *проекции*
- *интерсубјективна комуникација*
- *егзистенцијални пораки или водачи*
- *отсутни или заборавени сонови*
- *работа на архетипски приказни* (според: МекКевин, стр. 130-134)

Погоре беше зборувано за соновите како проекции и пораки/водачи, овде ќе се задржиме на другите аспекти според сфаќањата на МекКевин и ќе ги продискутираме. Имено, според сфаќањето на МекКевин од аспект на гледањето на сонот како олеснувач на интерсубјективната комуникација, се истакнува дека работата на сонот овозможува изнесување на содржини од страна на клиентот/сонувач кон терапевтот кои би биле проблематични за изнесување на класичен, традиционален контакт-тераписки процес. Значи, клиентот од разни причини и состојби некогаш не е во можност да сподели одредена содржина со терапевтот (сексуална содржина, агресивна содржина, општествено и морално неприфатлива, несвесна, потисната и др.) а со тоа преку работата на сонот се овозможува да тече релацијата терапевт-клиент без да се наруши нивниот сојуз поради можниот застој. Во таа смисла, работата на сонот ја штити релацијата и ја поврзува изгубената комуникација а со тоа и циклусот на свесноста при контактот, од претконтактот, преку фул-контактот па се до прекинувањето на контактот. Сонот е еликсир кој овозможува директен и непосреден пат до некои инаку недопирливи содржини на свеста, зошто, нели, за волја на вистината, гешталт терапијата е свесна и релациона терапија и не може секогаш на традиционален дијалошки начин да допре до некои полусвесни, потсвесни па дури и несвесни содржини. Со други зборови, сетоа она што клиентот од разни причини едноставно не сака или не може да го пренесе кон

терапевтот го пренесува преку пораките на сонот искомуницирани низ гешталт методите (кои се многубројни!) за работа на сонот/вите.

Познатиот феномен пак на заборавени или нецелосно запомнети сонови не ја одминува ниту гешталт терапијата, иако таа, за разлика од психоанализата тврди дека ние забораваме поради промената на односот фигура-позадина и сл. Имено, гешталт терапијата изобилува со методи и техники кои овозможуваат да се работи дури и на еден единствен фрагмент од сонот кој е запомнет, дел од сонот, лик/ови од сонот или пак, како што истакнува МекКевин (1996) доколку клиентот не се сеќава на ниту еден детаљ, да се употреби празна столица и на столчето да се "седне" заборавениот сон. Постојат и низа други техники какви што се: доовршување на дејството, менување и/или додавање ликови, контакт со делче од сонот и сл. ( Shohet, 1985; Fish i Lapworth, 1994;  Sill 1995)

МекКевин истакнува дека во работата со сонови по гешталт принципите може да се биде креативен и ако се види потреба да се прошири работата на некои архетипски претстави кои ќе се поврзат со конкретниот актуелен живот во Сега и Овде на клиентот според: Dzojs, Sills)

## 3. Методи и техники на работа со сонови во гешталт терапијата

Во Гешталт терапијата, која ионака е терапија во постојана промена, креација и динамизам, постојат низа можности, методи и техники. Може, генерално да се заклучи дека основниот метод е во димензијата Сега и Овде, во тие две спацио-темпорални вистини на актуелниот живот на клиентот. Терапијата со сонови секогаш во гешталт терапијата е насочена кон носење на клиентот и негово поттикнување кон конкретизација наместо апстракција, сегашност наспроти минато, индивидуално наспроти општо, искуствено наспроти мисловно. Имено, основна премиса во гешталт работата со соништа како впрочем и во целиот тераписки процес по гешталт доктрината, е да се осврнеме на актуелниот живот и да го работиме сонот како сега баш сега тој да е стварност и живот за клиентот, зошто, според основните вредности на оваа теорија, сонот, како и сето друго Е живот во секој миг. Џојс и Силс истакнуваат низа методи и техники во работата со сонови

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

според гешталт принципите на терапискиот приод. Тие по ред се истакнуваат да не се заборави дека според оваа парадигма во психотерапијата, сонот има единствено, уникатно и оригинално значење за сонувачот и за никој друг. Токму оттаму во гешталт терапијата со соништа клиентот всушност самиот (со поддршка и насока од терапевтот!) доаѓа до главните пораки, смисли, значења на сопствениот сон. Ова е во тотална контрадикторност, во опозитна позиција спрема доктрината на психоанализата според која, терапевтот ги толкува значењата на сонот на клиентот на тој начин наметнувајќи контратрансферно, свои елементи и несвесни динамизми како и одбранбени механизми. Со таквиот приод не се доаѓа до автентичното, личното во сонот за самиот сонувач,. Туку се врши грубо навлегување во его-просторот и селфот на оној за кого постоиме – клиентот!

Она кое е круцијално да се запомни е дека и во работата со сонови се употребува истиот феноменолошко-егзистенцијалистички метод на лично доживување во Сега и Овде и како да се одигрува – *не ми зборувај, покажи, доживеј !*

Џојс и Силс истакнуваат дека постојат следниве техники:

- Да се повика клиентот да работи како на реалистичен проблем/прашање од будниот живот
- Сонот да се изрази невербално
- Повторно кажување на сценариото на сонот преку идентификација со секој елемент и/или лик
- Креирање дијалог
- Експеримент со завршување на сонот на друг, нов начин од страна на клиентот/сонувач
- Откривање на пораката што сонот ја носи за терапевтот и/или терапијата и др. (според: Dzojs, Sills, 2001)

## 4. Користена литература

[1] Arambašić, L. (Ed.) 2005. GUBITAK, TUGOVANJE, PODRŠKA**.** Naklada Slap, Jastrebarsko

[2] Clemmens, M. C. 1997, 2005. Getting Beyond Sobriety: Clinical Approaches to Long-Term Recovery. Gestalt Press 66 Orchard Street, Cambridge MA USA. published and distributed by The Analytic Press 101 West Street Hillsdale NJ 07642 USA

[3] Erksine R. (1995) A Gestalt Therapy Approach to Shame and Self-Righteousness: Theory and Methods.The British Gestalt Journal, Vol 4, 107-117

[4] Harman, R. L. GESTALT THERAPY WITHOUT TECHNIQUES: A SESSION WITH SUE. The Gestalt Journal, 1996, Vol. X, No. I

[5] Joyce, P. & Sills, C. ( 2001) Skills in Gestalt Counselling & Psychotherapy. Sage Publications.

[6] Keleman, S. 2004. EMOCIONALNA ANATOMIJA. Zagreb: EruditA d.o.o.

[7] Metzinger, T. Why are dreams interesting for philosophers? The example of minimal phenomenal selfhood, plus an agenda for future research. *Front Psychol*. 2013; 4: 746.

[8] Müller, B. Isadore From's Contribution to the Theory and Practice of Gestalt Therapy**.** *The British Gestalt Journal*, 1995, Volume 4, 2

[9] Nagel, M. 2008. GETTING GROUNDED: A Manual of Grounding Exercises. Published by: Michael Nagel LLC 819 SE Morrison, Suite 265 Portland OR 97214.

[10] Pendaroski, M., Stoimenovska, K. SPATIO-TEMPORAL PHENOMENA OF THE DREAM. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences*, 2015, Vol. 4, 1, 389-407.

[11] Perls, F., Gudmen. P., Hefferline, R. F. 1951. Gestalt Therapy: Excitement and Growth in the Human Personality. New York.

[12] Petric, V. The art of the brain: Dynamics of dreams. © Human science press. *Dreamworks* Vol. 1, Spring, 1980, p. 78-87.

[13] Рејнвотер, Џ. 1998. Сам свој терапевт. Богданци: Софија.

[14] *Scwartz, S. Research Focus Are life episodes replayed during dreaming? © 2007-2015* The Pennsylvania State University

[15] Yontef, G. 2002. The Relational Attitude in Gestalt Therapy Theory and Practice. *International Gestalt Journal 2002, 25/1, 15-34.*

[16] Yontef, G. (1993) Awareness, Dialogue & Process : Essays on Gestalt Therapy, Gestalt Journal Press, NY.

[17] Zinker, J. 1978. Creative Process in Gestalt Therapy. New York: Random House Inc.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE RELATION PSYCHOTHERAPIST-CLIENT: A PARADIGM OF ONE RELATIONAL GESTALT FORMATION

Miroslav Pendaroski, PhD

*MIT University, Faculty of Psychology, Skopje, Macedonia*

*m.pendaroski@yahoo.com; miroslav.pendaroski@mit.edu.mk*

## Abstract

The psychotherapeutic practice all over the world today is marked by one prototypic importance of the relation therapist-client. Almost there is not even a single psychotherapeutic module or school in the contemporary apllied psychology in which this relation is not one of the most important conception in its methodology. Especially the Gestalt therapy which is based on the Buber's I-You relation in Here-and-Now, is a concept and a module that provides huge importance of this relation. This paper first takes a deep look in the basic psychological characteristics of this very specific relation and then resolves the same question from the aspect of a so called relational gestalt therapy. At the end tha paper concludes with the final assumptions and insights about an importance of some aspects of this most important relation.

***Keywords:*** Gestalt; Psychotherapy; Psychotherapist; Client; Relation.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# РЕЛАЦИЈАТА ТЕРАПЕВТ-КЛИЕНТ: ПАРАДИГМА НА ЕДНА РЕЛАЦИОНА ГЕШТАЛТ ФОРМАЦИЈА

Доц. д-р Мирослав Пендароски

*МИТ Универзитет, Факултет за Психологија, Скопје, Македонија*
m.pendaroski@yahoo.com, miroslav.pendaroski@mit.edu.mk

**Апстракт**

Психотераписката пракса ширум светот денес се одликува со една прототипна важност на релацијата терапевт-клиент. Речиси и да не постои ниеден правец ниту школа во современата применета психологија во која оваа релација нема главно или едно од главните места во нејзината методологија. Особено Гешталт терапијата која е базирана на Буберовото Ти-Јас во Сега и Овде, претставува правец кој одделува огромна важност на оваа релација. Токму затоа во овој труд најпрво се разгледуваат основните психолошки особености на овој специфичен однос за потоа да се разгледа истото прашање од аспект на т.н. релациона гешталт терапија. На крајот се завршува со заклучоци и согледби за важноста на некои аспекти на оваа значајна релација.

***Клучни зборови:*** гешталт, психотерапија, терапевт, клиент, релација

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Во својата есенцијалност севкупната психотерапија претставува релација, однос, контакт. Дури и самата психоанализа во својата најсурова Фројдистичка форма во себе го носи никулецот на односот, макар далечен, студен и технички. Уште од времето кога тогашните пациенти лежеле на каучот зборувајќи за се што ќе им падне на ум па се до денес кога денешните клиенти седат рамо да рамо, лице в лице со современиот терапевт, психотерапијата сакала или не, не може/ла да ја одбегне најкруцијалната релација, релацијата меѓу терапевтот и клиентот. Како што еволуирала свесноста за значајното место на главниот соучесник во терапијата – клиентот, така растела и потребата да се стави, тој, клиентот на едно место погоре во хуманизацијата на односот. Веќе одамна е напуштена парадигмата според која клиентот пасивно слуша и добива совети. Денес речиси и да не постои психотераписки правец кој во својата суштина не ја поседува оваа основна форма на поврзување – дијалошката. Мистификацијата на овој најчуден и најдлабок однос од сите одамна се престори во видлива манифестација на меѓучовечката еднаквост и хуманизам со осврт на егзистенцијалната даденост на моментот во Сега и Овде. Всушност, во суштината на односот, релацијата, лежи контактот во Сега и Овде, зошто само за него може да посведочат двајцата директни учесници – терапевтот и клиентот. Во Гешталт терминологијата би се рекло дека иднината е неизвесна тајна а минатото веќе завршена работа додека само тоа Сега и Овде во својата спацио-темпорална основа ја носи егзистенцијалната можност од вистински допир на двајца луѓе.

Гешталт терапијата низ историскиот развој на психотерапијата воопшто претставува една од оние терапии кои не само што полагаат голема верба во релацијата туку таа е перјаник на токму контакт-терапиите, терапиите во Сега и Овде и терапиите очи в очи. Како ниедна друга современа психотерапија, гешталтот се осврнува на фундаменталната значајност на двајца луѓе седнати еден кон друг а кои се наоѓаат во еден суштински однос кој во себе ги вклучува сите сетила и интуиции, се што еден длабок однос може и треба да значи. Враќајќи се низ еден површен преглед на корените и почетоците на Гешталт терапијата, најпрво се стекнува еден погрешен впечаток дека оваа терапија била се ама

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

само не топол, директен и хуман однос. Тоа е така поради фактот дека постариот, да го наречеме ортодоксен, Перлсијански Гешталт бил повеќе конфронтирачки во својата суштина, повеќе насочен кон поларитетите, контрадикторностите и грандиозноста на увидите и промените отколку на топлината на меѓучовечката средба на мигот. Навистина, ако се погледне одблиску таквиот Гешталт на прва рака се стекнува впечаток дека односот е директен но повеќе менахички, исполнет со конфронтирачки пристап на терапевтот и некако посуров од денешниов современ, т.н. *Релационен Гешталт* (Yontef, 2002 и др.) Ако го погледнеме Перлс и неговите современици (Хеферлин, Гудман и др.) ќе забележиме навистина еден динамичен и директивен приод исполнет со интелигентни увиди, интервенции, конфронтации и освестувања. И, во тоа нема ништо лошо. Сепак, зад таа видлива динамика секогаш со внимателна анализа се доаѓа до непобитниот факт дека и во таквата гешталт констелација и покрај се постои еден суштински однос во Сега и Овде. Со еволуцијата на терапијата растела потребата од нови парадигми и промени согласно со надоаѓањето на Европскиот егзистенцијализам (Сартр, Бинсвангер, Бос, Меј и др.) и Американскиот хуманизам (Маслов, Роџерс и др.) Овие нови филозофско-феноменолошки и психолошки учења придонесоа кон хуманизација на сите психолошки сфери а особено во психотерапијата. Одеднаш каучите и софите се заменија со столчиња во кои седат двајца од кои едниот е во потреба а другиот може да биде овде за него! Гешталтот следејќи ги тие трендови, се чини, се осовремени и денес прерасна во една од најхуманите, најчовечките и најсвесните психотераписки практики во светот. Градејќи ја својата нова историја втемелена во идеалното и интелигентно учење за теоријата на полето (Левин), Гешталт теоријата (Келер, Кофка, Вертхајмер), дијалошкото учење (Бубер) како и далекуисточните учења (Зен-будизам и др.) овој правец постана еден од највлијателните во светот истакнувајќи ја токму димензијата на односот терапевт-клиент. Денес, несомнено Гешталт терапијата е една од најрелационите во секоја смисла. Структурниот бекграунд на оваа терапија е релационен, динамиката е релациона, трансферот е сосема поинаку и позитивистички сфатен а психодијагностиката е сведена на хуманистичко-феноменолошка анализа на личноста, однесувањето и свесноста на клиентот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2. Основите на релационата Гешталт терапија

Релационата Гешталт терапија израснала од основите на Гешталт теоријата и Гешталт терапијата (Hycner, 1988; Hycner & Jacobs, 1995; Jacobs, 1989, 1992, 1998; Staemmler, 1993; Yontef, 1993, 1998, 1999). Во објаснувањето на релациониот Гешталт , Гари Јонтеф (2002) поаѓа од филозофските фундаменти на Гешталт филозофијата и теоријата. Имено, Јонтеф нагласува дека во суштината на Гешталт релациониот модел, се наоѓаат трите фундаменти на Гешталт филозофијата:

1. *Егзистенцијалната феноменологија*
2. *Теоријата на полето* и
3. *Дијалошкиот егзистенцијализам* (според: Yontef, 2002, стр. 16).

*Егзистенцијалната феноменологија* според Кофка произлегува од Гешталт теоријата и подразбира концепт според кој се користи методот на што е можно послободно и понаивно опишување на своето директно искуство секогаш кога тоа е можно (Koffka, 1935, p. 73). Ваквиот метод кој се наоѓа врз основите на учењето на Едмунд Хусерл (1931) се базира на свесноста и будноста во Сега и Овде обидувајќи се да ги избегне сите можни субјективности во поглед на прашањето што е точно а што не и што е реално а што не. Наспроти тоа, Јонтеф истакнува дека вавкиот метод ја зема феноменологијата на субјективното доживување на мигот како најточна, автентична, неискривена од мисли, проценки, уверувања, туку втемелена во доживувањето во својата егзистенцијална потполност. Релационата Гешталт терапија во својата суштина е феноменолошка бидејќи ги доближува, разгледува и обединува како реалноста како таква така и перцепцијата на истата. Феноменолошкиот егзистенцијализам, од друга страна пак е исто така релационен. Тој секогаш вметнува одредена автентична даденост во Сега и Овде и се осврнува на двајца луѓе во суштински контакт. Во Гешталт феноменологијата основниот метод е *феноменолошкиот експеримент* кој е суштински спротивен од методолошки чистиот и научен експериментален приод. Кај експериментот од егзистенцијален карактер, нема апсолутна вистина, факти и објективност туку се верува во исправноста и вистинитоста на сечие субјективно доживување.

Во Гешталт терапијата токму се разгледува феноменолошката даденост во сета своја свежина и длабочина во Овде и Сега низ внимателен однос и свесно разгледување на сите димензии на реалноста и будноста низ објективот на двајцата учесници. За разлика од други тераписки правци кај кои одговорноста на терапевтот е многу намалена а остварена преку подалечниот однос, кај Гешталт терапијата улогата а со тоа и одговорноста на терапевтот е двонасочна, како кон својата улога и однос така и кон улогата на клиентот. Гешталт терапевтот во секој миг од сеансата ја уважува субјективната феноменологија на клиентот не застапувајќи некакво објективно гледиште или пак не интерпретирајќи и со тоа вршејќи лична проекција. Гешталт терапевтот во таа дијадна феноменолошка димензија активно учествува во создавање на нова Персона, на нов автентичен лик кој произлегува од овој длабински однос но во истовреме, тој, терапевтот внимава и свесен е и за својата лична феноменологија и ефектите од неговите доживувања врз клиентовиот развој и/или промена.

*Теоријата на полето* сите настани и дејства ги набљудува како да се функција на меѓусебниот однос на повеќекратните интеракциони процеси и сили (според: Yontef, 2002). Притоа, теоријата на полето подразбира дека целината влијае на сите нејзини поедини елементи а секој посебен елемент влијае врз целиот систем на односи внатре соодветното поле. Оваа парадигма произлегува од основната концепција за целината прервземена од Гешталт теоријата на Кофка, Келер и Вертхајмер. Според овој фундаментален концепт на Гешталт теоријата ниеден настан не егзистира одвоено и не може да се апстрахира од една функционирачка и динамичка структура наречена организам, Гешталт. Метафората со часовниот на кој ако му извадиме макар едно ситно делче веќе нема да работи, нека послужи како илустрација на оваа концепција.

Во Гешталт релационата терапија овој концепт на теорија на полето може да се препознае во постојаната свесност за севкупното поле со сиот свој тоталитет и со постојаната динамичка промена на феноменот фигура-позадина. Имено, Гешталт терапијата ги зема предвид сите елементи кои влегуваат во полето во секој нареден миг, без разлика како и колку тие елементи ги ефектурираат него и клиентот. Мора да се признае дека концептот на свесноста како составен дел од набљудувањето на полето доаѓа

од Перлсовите идеи за свесноста во секој миг, во тоа време, на почеток дури и нарекувана терапија со концентрација или концентрациона терапија (Perls и др.) Од аспект на релацијата може да се истакне дека клиентот заедно и активно со терапевтот динамички ги следат сите промени во полето од кое и двајцата се дел. Гешталтот во таа смисла е динамички концепт со постојано лично превземање на одговорност и свесност дека само бивањето Сега и Овде ќе придонесе кон расветлување на автентичноста на персоналната феноменлогија на мигот а со тоа и ефектите на истата врз развојот и промената.

*Дијалошкиот егзистенцијализам* може да се разгледува како своевиден практичен ефект на феноменологијата, или, како што истакнува Јонтеф, дијалогот е всушност споделена феноменологија. Имено, во Гешталт терапијата, дијалошката форма не подразбира еднонасочен аспект на терапискиот однос во кој терапевтот се интересира за феноменологијата на клиентот без да биде свесен за својата улога и одговорност па и за својата персонална феноменологија, туку претставува вистински двонасочен дијалог меѓу двајца кои суштествуваат во една вистинска и реална форма во Сега и Овде бивајќи свесни од миг во миг за својата егзистенција, потреби, одбренбени механизми и др.

## 3. Некои практични импликации за унапредување на релацијата терапевт-клиент во рерлациониот Гешталт пристап

Во основата на теоријата на Гешталт терапијата, произнесена од Перлс, Хеферлин и Гудман, Селфот се подразбира динамички, како функција на односот и промената под дејство на полето и елементите кои влијаат врз единката. Во Гешталт теоријата и терапијата селфот не е мртва реалност туку активен и динамичен концепт-процес кој придонесува кон постојаната динамичка меѓуигра на сите елементи во едно сложено поле. Имено, селфот веќе не се сфаќа како структура која е постојана, видлива и релативно непроменлива, туку како динамичка целина која секогаш ја задржува својата вискозност а сепак се менува во смисла дека ниедно ново доживување не е исто и/или еквивалентно со ниедно претходно. Метафората и аналогијата со реката е повеќе од впечатлива. Имено, сите знаеме дека иако реката тече и во секој следен миг низ неа поминува нова вода,

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

сепак, реката го задржува своето кроито и непроменливата структуртна целина, форма и изглед. Терапевтот во една практична поставеност мора да има увид во трите фундаменти на Гешталт учењето, но, притоа да биде свесен и за севкупните резултанти на полето изразени во смисла на: отпорите кои се јавуваат во терапијата и кои трошат многу енергија, правото и можноста клиентот да излезе од терапијата по своја волја и со свои автентични доживувања, активната самосвест на клиентот и др. (според: Perls, Heferline, Gudman, 1951).

Но, пред да ги изнесем и заклучоците за односот и практичните импликации, особено за невештите и сеуште неопитни Гешталт терапевти да неведеме што се треба да поседува еден однос за да се нарече психотераписки и гешталтистички. Имено, Џојс и Силс истакнуваат дека терапискиот однос подразбира три елементи кои произлегуваат еден од друг:

1) *Обезбедување на безбедно место кое ќе го опфаќа клиентот*
2) *Воспоставување на работен однос* и
3) *Овозможување дијалошки однос* (според: Joice, Sills, 2001, стр. 43)

Пред се, за да еден однос може и смее да го опфати поимот психотераписки и релационен, мајпрво, терапевтот мора да обезбеди колку е можно посигурно место за клиентот. Се разбира, тоа не значи буквално физички безбеден простор туку безбедна релација во која клиентот ќе се чувствува безбеден во тераписката релација да ги истражува своите конфликти, одбранбени механизми и недовршени работи. Притоа, терапевтот треба да е свесен за тоа дали клиентот се чувствува безбедно во одредено време да прифати одредена интервенција, да гледа на своето феноменолошко искуство и да променува одредени ставови, мисли, однесувања и сл. Секако, не помалку важно е и да се воспостави јасен, чист и двонасочен работен договор, однос. Професионален однос со клиентот кој ќе се базира на взаемна почит и однос кој ќе биде произлезен од обете страни, најпрво од страна на терапевтот. Но, најважно од се е да се овозможи дијалошки однос за кој терапевтот постојано ќе биде свесен и ќе го одржува, унапредува, динамизира.

МекКевин предложува на почетокот, како припомош во организирањето и создавањето на дијалошкиот однос да се вметнат т.н. задачи кои ќе се спроведат со цел подобрување на односот и создавање доверба кај клиентот. Имено, МекКевин препорачува три видови на задачи:

1. Задачи од заедничка одговорност
2. Задачи кои ќе бидат одговорност на терапевтот и
3. Задачи кои се одговорност на клиентот (според: МекКевн)

Со ваквите задачи ќе овозможиме зголемување на почетната кохезија меѓу клиентот и терапевтот а секако и ќе го поддржиме развојот и зголемувањето на севкупната динамика.

Јас предлагам да се обрне внимание на следниве неколку точки при работа на дијалошкиот однос и развивање на реалистична, постоечка релација меѓу клиентот и терапевтот:

- Свесност за Сега и Овде
- Свесност за сопствениот телесен став, гестикулација и мимика и нивното влијание и ефект врз автентичноста и самочувството кај клиентот
- Обраќање особено внимание при работа со клиенти кои тешко стапуваат во релација (интровертни, нарцисоидни личности, психопатски структури на личноста, депресивни лица итн.) Овие се нагласени од аспект дека се најдраматични а не се сосема нереално очекувани во психотерапиксите кабинети.

## 4. Користена литература

[1] Arambašić, L. (Ed.) 2005. GUBITAK, TUGOVANJE, PODRŠKA**.** Naklada Slap, Jastrebarsko

[2] Clemmens, M. C. 1997, 2005. Getting Beyond Sobriety: Clinical Approaches to Long-Term Recovery. Gestalt Press 66 Orchard Street, Cambridge MA USA. published and distributed by The Analytic Press 101 West Street Hillsdale NJ 07642 USA

[3] Erksine R. (1995) A Gestalt Therapy Approach to Shame and Self-Righteousness: Theory and Methods.The British Gestalt Journal, Vol 4, 107-117

[4] Harman, R. L. GESTALT THERAPY WITHOUT TECHNIQUES: A SESSION WITH SUE. The Gestalt Journal, 1996, Vol. X, No. I

[5] Joyce, P. & Sills, C. ( 2001) Skills in Gestalt Counselling & Psychotherapy. Sage Publications.

[6] Keleman, S. 2004. EMOCIONALNA ANATOMIJA. Zagreb: EruditA d.o.o.

[7] Metzinger, T. Why are dreams interesting for philosophers? The example of minimal phenomenal selfhood, plus an agenda for future research. *Front Psychol*. 2013; 4: 746.

[8] Müller, B. Isadore From's Contribution to the Theory and Practice of Gestalt Therapy**.** *The British Gestalt Journal*, 1995, Volume 4, 2

[9] Nagel, M. 2008. GETTING GROUNDED: A Manual of Grounding Exercises. Published by: Michael Nagel LLC 819 SE Morrison, Suite 265 Portland OR 97214.

[10] Perls, F., Gudmen. P., Hefferline, R. F. 1951. Gestalt Therapy: Excitement and Growth in the Human Personality. New York.

[11] Рејнвотер, Џ. 1998. Сам свој терапевт. Богданци: Софија.

[12] Yontef, G. 2002. The Relational Attitude in Gestalt Therapy Theory and Practice. *International Gestalt Journal 2002, 25/1, 15-34.*

[13] Yontef, G. (1993) Awareness, Dialogue & Process : Essays on Gestalt Therapy, Gestalt Journal Press, NY.

[14] Zinker, J. 1978. Creative Process in Gestalt Therapy. New York: Random House Inc.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE PRESENCE OF DEPRESSIVE CONDITION IN WOMEN VICTIMS OF INTIMATE PARTNER VIOLENCE IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Vesna Blazhevska [a]*, Rusanka Mancheva[b]

*[a]MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje Republic of Macedonia*

*[b]South-West University "Neofit Rilski""Ivan Mihaylov" 66, 2700 Blagoevgrad, Bulgaria*

*[a]mailvesna.d@gmail.com*

*[b]r.p.mancheva@swu.bg*

## Abstract

The present study explores the depressive condition in women victims of intimate partner violence (IPV) in the Republic of Macedonia. Women victims of IPV (N = 31) were compared to non - abused women (N = 31). Data on depressive condition were measured with SD scale, and information about demographic characteristics and types of violence were obtained through a structured interview. The results showed that 26% of women victims of IPV showed normal variation of the affect, 42% expressed depressive condition and 32% showed a very serious condition of depression. Among non - abused women, 13% had absence of depressive symptoms, 64% had normal variation of the affect, 16% showed depressive condition, and 17% of them showed very serious condition of depression. By applying the t-test, a statistically significant difference between the two groups (p <0,001) was obtained, which leads to the conclusion that women victims of IPV have more severe depressive condition compared to non-abused women.

***Keywords:*** depression; women; violence; intimate partner

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Introduction

Intimate partner violence (IPV) is a serious problem that affects a large number of people all over the world. The term "intimate partner violence" shows increase in usage as a substitute for the term "domestic violence", and is not limited to married couples, but also used for couples that live in informal partnerships and couples that are in intimate relationships. IPV is very complex to define. Violence between intimate partners includes physical, sexual and psychological violence, by a current or former partner – a husband, boyfriend or girlfriend, sexual partner etc. The complex nature of IPV leads to the belief that dealing with the consequences is similarly complex. In most of the cases, the woman keeps quiet about the violence and lives in a state of terror and fear for a long time. There are many cases in which the woman denies the violence while having a strong need to speak up about the abuse she receives from her intimate partner.

Even though IPV or domestic violence has been a familiar topic since 1970, there are no specific data concerning its prevalence and consequences. This type of information remains unknown in many countries, especially in countries that are less developed. Some World Health Organization studies indicate that 20% to 50% of women in the world have experienced IPV at least once in their lives. Unlike many developed countries, in the Republic of Macedonia domestic violence began to be an issue in 1994. This year marks the formation of multiple non-governmental organizations that promoted the issue of domestic violence and set up SOS lines for support and assistance for victims. In recent years, there has been a notable implementation of strategies for confronting domestic violence in the country. The strategies help emphasize the issue of domestic violence as well as the impact on women's health and the problems that violence against women creates on a social level. Lack of recognition for the phenomenon of intimate partner violence, the marginalization of the problem, and the massively accepted stereotypes of gender roles within society, marriage and family, puts the woman in an inferior and unequal position. It must be noted that omission of condemnation of violence against women strengthens and defines the superior position of the man. These conditions contribute to the issue of violence against women remaining in closed circles and going unreported.

The violence inflicted by an intimate partner does not entail only physical violence. Professionals recognize the consequences of the IPV, especially those related to the mental health of the woman victim. A significant number of studies show that IPV includes serious injuries and death, affects pregnancy and infants, and arouses many serious psychiatric problems (Martin et al., 2001). Among numerous consequences noted in women victims of IPV, depression is the most common diagnosis (Scholle et al., 1998), then, a high risk of suicide (Olson et al.,1999), post-traumatic stress disorder – PTSD - (Astin et al.,1993), and other mental health problems such as loss of confidence, fear, anxiety, guilt, tension, doubt and psychosomatic problems (Avdibegovic, Osmanovic, 2006).

This study focuses on researching the depressive condition in women victims of IPV, compared to non - abused women.

## 2. Methodology

### 2.1. Participants and procedure

The research was carried out in six Macedonian towns, from March until October in 2013. The sample features 62 women of which 31 are victims of IPV who have asked for help from the social work centeres, and the other 31 are non - abused women. The researchers used a structured interview in order to collect demographic data and SD scale, constructed by Zdenka Novovic, Miklosh Biro and Tanja Nedimovic (Biro, Smederevac, Novovic, 2009), to measure the depressive condition. The scale consists of 20 items, set to show the presence of signs of depression in the domain of depressed affect, indicative cognitive contents as well as motivational and behavioral obstacles that arise from the depressive condition. In the interest of excluding the existence of IPV in the control group, researchers used the questionnaire for detecting partnership violence WAST – Woman Abuse Screening Tool. The women from the control group found to be victims of IPV were excluded from the research. The research aimed to test the following hypothesis: women victims of IPV have more severe depressive condition compared to non - abused women.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Results and discussion

### 3.1. Socio-demographic characteristics of the sample

The average age of the women victims of IPV is 37,4 years, while women in the control group were with an average age of 39,6 years.

In terms of level of education, the control group consists of 16% of women who have completed primary education, 48% who have completed secondary education and 35% who have completed higher education. The group that reported domestic violence consists of 35% of women who have completed primary education, 52% who have completed secondary education and 13% who have completed higher education. Of the total number of respondents, 26% of women have completed primary education, 50% have completed secondary education and 24% have completed higher education.

In terms of marital status, in the group where there is no domestic violence 87% of the women are married, 13% live in informal marriage partnership with a permanent partner, and there are no divorced women. In the group of women that reported domestic violence 58% are in a formal marriage, 32% are officially divorced or in the process of getting a divorce, and 10% live in informal marriage partnership with a permanent partner. Of the total number of respondents, 73% are married, 16% are divorced, and 11% live with a permanent partner.

According to the age at which the respondents got married or formed an informal marriage partnership, in the control group 7% of the women got married before reaching the age of 18 years and 93% got married after they had reached the age of 18 years. As for the group that reported domestic violence, 32% of the women in it got married before turning 18 years of age and 68% got married after they had turned 18 years old.

In terms of employment status, the control group consists of 71% of employed women and 29% of unemployed women. In the group that reported domestic violence 42% of the women are employed and 58% are unemployed. The percentage of the total sample shows that 56% of the women are employed and 44% are unemployed.

In terms of nationality, in the control group 90% of the women are Macedonian, 7% are ethnic Albanian and 3% are ethnic Serbian. The group that reported domestic violence consists

of 74% Macedonian women, 20% Albanian, 3% Serbian and 3% Roma. Accordingly, the total sample consists of 83% of ethnic Macedonian women, 13% Albanian, 3% Serbian and 1% of ethnic Roma.

According to religious affiliation, the control group consists of 93% of Orthodox Christian women and 7% of Muslim women. In the group that reported domestic violence, 80% of the women are Orthodox Christians and 20% of the women are of the Muslim faith. The overall sample consists of 86% of Orthodox Christians and 15% of Muslims.

### 3.2. Data related to domestic violence

In the group that reported domestic violence, 13% of the women stated that they are victims of emotional abuse, 48% stated that they are victims of emotional and physical abuse and 39% of the respondents stated that they are victims of emotional, physical and sexual abuse inflicted by their partners.

Among the participants from the group that reported violence, 30% stated that the abuse happened for the duration of their pregnancy as well, while 94% stated that the abuse happens regularly in front of their children.

In terms of the time frame when the abuse from their partners began, 13% of the respondents stated that the abuse began before they got married to their partners, 34% stated that the abuse began soon after they got married, 10% stated that the abuse began during their pregnancy, 30% stated that the abuse began in the first 5 years of their marriage and 13% stated that the abuse began 10 years after they got married to their partners.

### 3.3. The data obtained by reviewing the hypothesis

In terms of the results from the SD scale, in the group that reported domestic violence, 0% of the women showed euthymia, i.e. absence of depressive condition and symptoms, 26% showed normal variations of dysphoric mood with rare and moderate signs of dysphoria caused by the daily difficulties, 42% showed evident depressive condition followed by depressed affect as well as its correlatives regarding motivation, behaviour and cognitive abilities, and 32% of the women in the group who are victims of domestic violence showed discernible depressive condition followed by a pronounced depressive affect, somatic correlatives, a need for withdrawal, difficulty functioning, tension and anxiety. In the group where there is no domestic violence, 13% of the women showed absence of depressive

condition and symptoms, 65% showed normal variations of the affect, 16% showed evident depressive condition, and 17% showed a very pronounced depressive condition. The overall sample consists of 6% of women that showed absence of depressive condition and symptoms, 45% that showed normal variations of the affect, 29% that showed evident depressive condition, and 20% that showed pronounced depressive condition.

According to the data obtained by applying the t-test on the independent groups, the difference between the two variances is F=0,56. This resulting value reaches the chart value for F. Furthermore, the values t=4,72 for degrees of freedom and df = 60 show a statistically significant difference between the two groups on the level of 0,001 ($p < 0,001$). Taking the results into consideration, the confirmed hypothesis states that women victims that reported IPV have more severe depressive condition compared to non - abused women.

## 4. Conclusion

The leading idea in the process of this research was the need for establishing correct diagnoses for women victims of domestic violence (IPV). Correct diagnoses are essential in order to apply appropriate psychotherapeutic methods and techniques that will contribute to quicker and more efficient recovery for the woman who suffers abuse and has decided to seek help. The research showed that there are differences between the depressive conditions for women victims of domestic violence and the depressive conditions of nonabused women. The data suggest that women victims of IPV largely suffer from depression. Depressive symptoms are the most common psychological response of women who fall victim to IPV. Another common reaction to IPV is post-traumatic stress disorder. Apart from these reactions, women victims of IPV can develop anxiety, suicidal behaviour, panic disorder and somatization. This information leads to the conclusion that women victims of IPV have a very complex symptomatology. It is crucial for professionals to diagnose properly and treat the patient accordingly once they establish the symptomatology.

In the sample of respondents who reported IPV, a total of 74% of women showed depressive condition, while 32% showed serious depressive condition with a pronounced depressive affect,

a need for withdrawal, difficulty functioning, tension and anxiety. This information is very concerning. There are certain studies about depression which show that women who suffer from depression are five times more likely to be abused by their partners compared to women who have not been diagnosed with depression (Jackson, 2007). Thus, researching the background of someone who suffers from depression is of utmost importance. In cases where the specialist prescribes drugs without researching their patient’s background to discover the potential abuse, these specialists run the risk of causing the patient to hide the root of the depressive symptoms as well as deepening the depressive symptomatology by causing the victim to take the blame for the abuse. Failing to discover the cause of depression might lead to increased risk of self-harm and suicide. In similar fashion, professionals have to be careful when prescribing antidepressants that can slow down the victim in order to avoid rendering the victim unable to defend themselves from the abuser. Additionally, the despondency of the victim as a direct consequence of their depression might encourage the abuser to inflict more abuse, which would only lead to a worsened state for the victim. Recognising depression as a consequence of IPV on the other hand may encourage the victim to take steps to improve their health and life.

## 5. References

[1] Astin MC, Lawrence KJ, Foy DW. *Posttraumatic stress disorder among battered women: risk and resiliency factors.* Violence Vict. 1993;8:17–28.

[2] Avdibegovic E., Sinanovic O., *Consequences of Domestic Violence on Women's Mental Health in Bosnia and Herzegovina* Croat Med J. 2006 Oct; 47(5): 730–741.

[3] Hart, S.D. 2010. *The critical roles of perpetrator risk, victim vulnerability, & community support factors.* Paper presented at the Second Annual Canadian Domestic Homicide Prevention Conference, Calgary, Alberta

[4] Haqqi S., Faizi A., *Prevalence of Domestic Violence and associated Depression in married women at a Tertiary care hospital in Karachi,* Procedia Social and Behavioral Sciences 5 (2010) 1090-1097

[5] Jackson N. A., (2007), *Encyclopedia of Domestic Violence*, Routledge Taylor & Francis Group, New York

[6] Leenaars AA, Lester D. Domestic integration and suicide in the provinces of Canada. Crisis. 1999;20:59–63.

[7] Maria A. Pico-Alfonso, M. Isabel Garcia-Linares, Nuria Celda-Navarro, Concepción Blasco-Ros, Enrique Echeburúa, and Manuela Martinez, *The Impact of Physical, Psychological, and Sexual Intimate Male Partner Violence on Women's Mental Health: Depressive Symptoms, Posttraumatic Stress Disorder, State Anxiety, and Suicide*, Journal of Women's Health, Volume 5, Issue 5, 2006

[8] Martin SL, Mackie L, Kupper LL, Buescher PA, Moracco KE. Physical abuse of women before, during, and after pregnancy. JAMA. 2001;285:1581–4.

[9] Olson L, Huyler F, Lynch AW, Fullerton L, Werenko D, Sklar D, et al. *Guns, alcohol, and intimate partner violence: the epidemiology of female suicide in New Mexico.* Crisis. 1999;20:121–6.

[10] Scholle SH, Rost KM, Golding JM. Physical abuse among depressed women. J Gen Intern Med.1998;13:607–13

[11] WHO. *World report on violence and health*. Geneva: World Health Organization; 2002.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# BALANCED TIME PERSPECTIVE AND SUBJECTIVE WELL-BEING AMONG STUDENTS

Marija Shterjovska

*MIT University Skopje, Treta Makedonska brigada b.b., 1000 Skopje, R. Macedonia*

*Email: stermar86@gmail.com*

## Abstract

Previous findings suggest that psychological attitude toward time named time perspective seems to be relevant for some variables of positive functioning as subjective well-being. Recent research showed that although some factors of time perspective such as past positive, present hedonistic and future orientation are associated with subjective well-being, no separate relation is as strong as the one with balanced profile of time perspective. This ideal profile consists of high scores on past positive, moderate to high scores on present hedonistic and future and low scores on Past Negative and Present Fatalistic. The aim of this study was to examine the association between balanced time perspective and subjective well-being among Macedonian students. For that reason differential analysis was applied as statistical procedure and operationalization of balanced time perspective was made according to cut-off-point approach. Participants were 236 female students with average age of 20. They completed ZTPI as instrument for time perspective, while for measuring subjective well-being, SWLS and PANAS were used as indicators of the cognitive and affective aspect of subjective well-being, respectively. Results show that small percentage (3,4%) of participants reached balanced time perspective which is in accordance with previous findings. It appeared that there is significant difference ($p<0,05$) in subjective well-being among participants with balanced profile in comparison with those with non-balanced profile. Having in mind that balanced time perspective defined as flexible switching of time perspectives according to individual needs and situational demands, contributes to optimal functioning of a person, it is clear why students with balanced time perspective are the beneficial group referring to subjective well-being.

***Keywords:*** *balanced time perspective; subjective well-being.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# БАЛАНСИРАНА ВРЕМЕНСКА ПЕРСПЕКТИВА И СУБЈЕКТИВНА ДОБРОСОСТОЈБА КАЈ СТУДЕНТКИТЕ

Марија Штерјовска

*МИТ Универзитет, бул. Трета Македонска Бригада бб, 1000, Скопје, Македонија*
*stermar86@gmail.com*

**Абстракт**

Претходните наоди укажуваат дека психолошкиот однос кон времето именувано како временска перспектива е релевантен за некои варијабли на позитиввното функционирање како што е субјективната добросостојба. Последните истражувања покажуваат дека иако некои од факторите на временската перспектива како позитивното минато, хедонистичката сегашност и ориентацијата кон иднината се поврзани со субјективната добросостојба, ниту една од тие врски на субјективната добросостојба не е толку силна колку што е онаа со балансираниот профил на временска перспектива. Овој пожелен профил се состои од високи скорови на позитивното минато, средни до високи скорови на хедонистичката сегашност и иднината, а ниски скорови на негативното минато и фаталистичката сегашност. Целта на ова истражување беше да се испита врската меѓу балансираната временска перспектива и субјективната добросостојба кај македонските студенти. Затоа, како статистичка постапка се користеше значајност на разлики меѓу аритметички средини на две групи односно меѓу групата која постигнала балансиран профил и онаа која не го постигнала. Испитаници беа 236 студентки на просечна возраст од 20 години. Тие го пополнија ZTPI како инструмент за временска перспектива, додека за мерење на субјективната добросостојба, SWLS и PANAS беа користени соодветно како индикатори за когнитивниот и афективниот аспект на субјективната добросостојба. Резултатите покажаа дека мал процент (3,4%) од испитаниците постигнале балансирана временска перспектива што е во согласност со претходните наоди. И покрај тоа, се покажа дека постои статистички значајна разлика на ниво 0,05 во субјективната добросостојба кај

оние со балансиран профил во споредба со оние со небалансиран профил. Имајќи предвид дека балансираната временска перспектива дефинирана како флексибилно поместување меѓу временските перспективи во зависност од индивидуалните потреби и ситуациските барања, придонесува за пооптимално функционирање на личноста, јасно е зошто студентките со балансиран профил се во позавидна позиција во однос на субјективната добросостојба.

***Клучни зборови:*** *балансирана временска перспектива; субјективна доборосостојба.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Времето е едно од најмоќните влијанија во нашите животи, иако кај нас воопшто не постои свесност за тоа. Ова е првиот парадокс на кој укажуваат Zimbardo и Boyd (2008) авторите на конструктот временска перспектива кој го дефинираат како когнитивна операција која воедно вклучува и емоционална реакција кон замислените временски зони, но и преференција за лоцирање на одредена акција во минатото, во сегашноста или во иднината. Со примена на факторска анализа, издвоиле пет фактори или димензии на временска перспектива. Најнапред, утврдиле дека насоченоста на мислењето кон минатото би можела да биде позитивна или негативна. *Позитивното минато* одразува топол, пријатен, често сентиментален и носталгичен поглед кон сопственото минато, со изразена склоност кон одржување на односите со семејството и со пријателите. Наспроти тоа, *негативното минато* се карактеризира со насоченост кон личните искуства кои се аверзивни, трауматски и непријатни. Ориентацијата кон сегашноста може да биде хедонистичка или фаталистичка. *Хедонистичката сегашност* се однесува на живеењето во моментот, сега и овде, на барањето задоволство, нови сензации и возбудливи активности и уживањето во нив, како и на отвореноста кон авантури. Од друга страна, *фаталистичката сегашност* е поврзана со беспомошноста, безнадежноста и верувањето дека животот го контролираат надворешни сили, како што се властите или судбината. Конечно, ориентацијата кон *иднината* се одликува со фокусирање кон идните цели и постигнувања, често на сметка на сегашното уживање, одложувајќи го задоволството и одолевајќи им на искушенијата.

Под влијание на културата, воспитувањето, но и личните животни искуства, одредена временска перспектива може да стане доминантна ориентација на мислење и да се манифестира како релативно стабилна личносна диспозиција, при што индивидуата станува дисфункционална (Boniwell, 2005). Иако поради некои позитивни карактеристики на одредени временски перспективи би можело да се заклучи дека доминирањето на одредена временска перспектива е попожелно за личноста (на пример, позитивното минато), тоа е погрешено бидејќи ако таа преовлада во нечиј живот, нејзините

недостатоци ќе ги покријат нејзините предности. Во тоа се состои вториот временски парадокс предложен од Zimbardo и Boyd (2008), кој укажува дека најоптимално е постоењето баланс меѓу временските перспективи, односно присуство до одредено ниво на сите временски перспективи, наместо робување на само една, како научен начин на реагирање. Тие велат дека тоа подразбира и флексибилното менување на фокусот кон одредена временска перспектива во зависност од потребите на личноста и барањата на ситуацијата. Тој идеален профил на баланс меѓу временските перспективи подразбира висока ориентираност кон позитивното минато, средно висока кон хедонистичката сегашност и иднината и ниска ориентираност кон негативното минато и фаталистичката сегашност.

За предностите на балансираната временска перспектива Zimbardo и Boyd (2008) во својата книга наведуваат неколку истражувања кои покажуваат дека таа води до посреќен и поисполнет живот. Поради значајноста на балансираната временска перспектива која има поголема предиктива моќ за добросостојбата на личноста од било која временска перспектива поединечно (Boniwell, 2009), целта на истражувањето на овој труд е да се испита дали во македонски контекст студентките со балансиран профил имаат поголема субјективна добросостојба од оние кои немаат добиено таков профил.

Субјективната добросостојба е клучна тема на истражување во позитивната психологија затоа што се занимава со многу аспекти на психичкото здравје како посакувана состојба на секое човечко суштество. Таа се дефинира како комбинација од пријатни чувства и расположенија, отсуство на негативни емоции и расположенија и задоволство од сопствениот живот односно како "когнитивна и афективна евалуација на сопствениот живот" (Diener, Lucas & Oshi, 2002, стр.63).

## 2. Метод и материјали

Основниот проблем на истражувањето кој произлегува од проучената теоретска позадина и релевантните истражувања е емпириски да се утврди каков е односот помеѓу

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

балансираната временска перспектива и субјективната добросостојба кај студентките, односно:

*Дали постои разлика во однос на субјективната добросостојба меѓу студентките со балансирана временска перспектива и оние со небалансирана?*

Од теоретската позадина и релевантните истражувања како претпоставен одговор на ова истражувачко прашање произлегува следната истражувачка хипотеза:

*Оние студентки со балансирана временска перспектива имаат повисока субјективна добросостојба од оние кои немаат балансирана временска перспектива.*

За да се провери оваа хипотеза за истражувањето беше користен пригоден примерок, од вкупно 236 испитаници, сите студентки на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на просечна возраст од 20 години. Тие одговараа на три инструмента со проверени и валидни метриски карактеристики. За мерење на временската перспектива беше користен *Инвентарот за временска перспектива на Зимбардо* (ZTPI: Zimbardo Time Perspective Inventory, Zimbardo and Boyd, 1999) кој содржи 56 ајтеми групирани во 5 субскали кои мерат пет временски перспективи на мислење и тоа: *Позитивно минато, Негативно минато, Хедонистичка сегашност, Фаталистичка сегашност* и *Иднина.* Испитаникот треба да го одреди својот степен на согласување со секое тврдење на скала од Ликертов тип со 5 степени (1 значи воопшто не се согласувам, а 5- во потполност се согласувам). Понатаму, за да се провери дали е добиен балансиран профил на временска перспектива беше користен моделот на опрационализација на балансираната временска перспектива на Drake et al. (2008), во кој се користи 33-тиот перцентил за да се одвојат ниските од високите скорови на секоја временска перспектива. Балансиран профил има испитаникот кој на Позитивното минато, Хедонистичката сегашност и Иднината постигнал скорови над 33-тиот перцентил, а на Негативното минато и Фаталистичката сегашност скорови под 33-тиот перцентил. Со оваа постапка добиени се две групи на испитаници: со балансиран и со небалансиран профил на временски перспективи.

За мерење на конструктот *субјективна добросостојба*, кој е комбинација од когнитивни и афективни димензии се користеа две скали (Diener, Lucas & Oshi, 2002) чии скорови се стандардизираа и потоа по формулата СД= ЗЖ+(ПА-НА) го дадоа скорот на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

субјективна добросостојба како збир од задоволството од животот и од разликата помеѓу позитивните и негативните афекти. Скалата за мерење на афективната димензија на субјективната добросостојба е *Скалата на позитивни и негативни афекти* (PANAS: Positive and Negative Affect Schedule, Watson & Clark, 1988), која се состои од 20 тврдења, од кои 10 се однесуваат на позитивни афекти, а 10 на негативни афекти. Испитаниците на петтостепена скала од Ликертов тип одговараат во кој обем ги доживеале наведените чувства и емоции, при што одговорите се движат од малку или воопшто не (1) до многу (5). Повисокиот скор за секоја поединечна субскала укажува на поголема изразеност и присутност на позитивни, односно негативни афекти, а односот на скоровите добиени на двете субскали укажува на превладување на афектите со дадената валенца.

Когнитивната пак димензија на субјективната добросостојба се мери со *Скалата на задоволство од животот* (SWLS: Satisfaction With Life Scale; Diener, Emmons, Larsen & Griffin, 1985) која содржи 5 тврдења на кои степенот на согласување испитаниците го искажуваат на 7-степена скала од Ликертов тип, која се движи во континуум од *сосема се согласувам со тврдењето (7)* до *воопшто не се согласувам (1)*. Повисок резултат укажува на повисоко ниво на задоволство од животот.

## 3. Резултати и дискусија

Во Табела 1., на левиот дел од табелата, прикажани се дескриптивните статистици на Субјективната добросостојба во двете групи испитаници, оформени според тоа дали имаат балансиран или небалансиран профил на временски перспективи. Покрај тоа, во десниот дел е прикажана и значајноста на разликите на аритметичките средини меѓу групите. Со цел да се испита значајноста на разликата на аритметичките средини меѓу двете групи, беше користен непараметрискиот Mann-Whitney U Test кој претставува пандан на t-тестот за дистрибуции кои отстапуваат од нормалната, како и за групи кои значајно се разликуваат во големината, како што е случај и во ова истражување. Само 3,8 % од целиот примерок односно 9 наспроти 227 испитаници се покажа дека имаат балансиран профил на временски перспективи. Како што може да се забележи во Табела

1., диференцијалната анализа покажа дека оваа група на испитаници статистички значајно се разликува во однос на нивото на Субјективна добросостојба од групата со небалансиран профил. Поточно со сигурност од 95%, може да се заклучи дека испитаниците со балансирана временска перспектива имаат повисоко ниво на Субјективна добросостојба од испитаниците кои немаат добиено таков профил, со што се потврди поставената истражувачка хипотеза.

**Табела 1.** Разлики во нивото на субјективна добросостојба кај испитаници со балансиран и со небалансиран профил на временска перспектива

| **Профил на временска перспектива** | **Балансиран (N=9)** | | **Небалансиран (N=227)** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **M** | **SD** | **M** | **SD** | **D** | **Mann-Whitney U Test** | **Sig.** |
| **Субјективна добросостојба** | 1,40 | 1,13 | 0,05 | 2,04 | -0,64 | 539,000* | 0,016 |

* значајно на ниво 0,05

** значајно на ниво 0,01

Сепак, резултатите поврзани со балансираната временска перспектива, треба да се интерпретираат внимателно со оглед на тоа што меѓу групите на кои им се тестираше значајноста на разликата на аритметичките средини постои многу голема разлика во бројот на испитаници. Иако според теоретската позадина и досегашните истражувања, се очекува таков дисбаланс, сепак оваа разлика меѓу групите може да се одрази на статистичката анализа која подразбира приближно еднаков број испитаници во споредување групи. Со таа цел, во иднина можеби како подобар би се покажал некој друг метод на операционализација на профилот на балансирана временска перспектива, за разлика од оној на Drake et al. (2008) кој беше користен во ова истражување.

## 4. Заклучок

Земајќи го предвид најзначајниот придонес на проучувањето на временската перспектива за позитивната психологија, профилот на балансирана временска

перспектива, кој претпоставува најоптимално психолошко функционирање кај личноста, се направи обид да се провери како во однос на субјективната добросостојба се разликуваат испитаниците со добиен балансиран профил и со добиен небалансиран профил. Хипотезата дека студентките со балансирана временска перспектива се во позавидна позиција од оние кои немаат балансирана временска перспектива бидејќи имаат значајно поголема субјективна добросостојба, се потврди во ова истражување.

И наодите од претходните истражувања зборуваат за предноста на балансираната временска перспектива во однос на робувањето на една временска перспектива. Во истражувањата на Shostrom (1974), Rappaport и сор. (1985), Boyd-Wilson (2002) и Boniwell и Linley (2007) се покажало дека лицата со балансирана временска перспектива се поуспешни во работата, кариерата и во врските со семејството и пријателите, се посамоактуелизирани како личности и воопшто се пофункционални луѓе кај кои е најдена поголема добросостојба од оние кои не се одликуваат со баланс меѓу временските зони (според Zimbardo и Boyd, 2008). Во таа насока и Drake и сор. (2008) утврдиле дека испитаниците со балансиран профил имаат значајно поголема среќа од оние кои немаат таков профил, што е случај и во ова истражување, со таа разлика што наместо субјективна среќа, тука се користи конструктот субјективна добросостојба.

Со оглед на тоа што многу мал процент од примерокот постигна профил на балансирана временска перспектива, може да се заклучи дека флексибилноста и способноста за менување на временските ориентации, како есенцијални компненти на балансираната временска перспектива, не се чести одлики на македонските студентки. Сепак, имајќи предвид некои претходни наоди кои покажуваат дека балансираната временска перспектива е многу тешко да се постигне (Boniwell, 2005, Drake et all, 2008), можеме да заклучиме дека тоа не е ексклузивен случај само во нашата земја. Ваквите резултатите сугерираат некои практични импликации кои ќе придонесат за зголемување на добросостојбата на македонските студентки. Тука, пред сè, треба да се има на ум дека во процесот на социјализација, најнапред во семејството, а потоа и во образовните институции, кај децата треба да се гради поголема флексибилност и вештина за менување

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

на временската ориентација во согласност со конкретната ситуација, односно со надворешните околности и со внатрешните потреби.

Како што кажува Bohart (1993) овој оптимален баланс им овозможува на луѓето да се движат кон иднината по претходно помирување со минатото, а сепак останувајќи врзани за системот на значења кои ги земаат од сегашноста (според Boniwell & Zimbardo, 2004). Во таа насока Zimbardo (2013), во едно негово обраќање, потенцира дека времето е нашиот најскапоцен подарок кој треба да го користиме сосредоточено преку балансирање на неговите три извори на енергија. Според него, тоа би го постигнале ако бидеме прицврстени на позитивното минато кое не поврзува со семејството, идентитетот и културата, ако бидеме отворени кон моќната хедонистичка сегашност која не врзува со текот на енергија во моментот, како и ако бидеме мотивирани со помош на целиот потенцијал на способности на нови успеси во иднината исполнета со надеж, која би не довела до нови дестинации. Со таквиот временски баланс, би постигнале ново, флексибилно адаптирање во многу предизвици на ситуациите со кои се соочуваме. Би го почитувале и би учеле од минатото, свое и на другите. Селективно би се ориентирале кон сегашноста која ја зголемува човековата поврзаност и ценење на природата и уметноста поцелосно. Би ги користеле нејзините задоволства како самонаградување за тешко постигнатиот успех и би продолжиле да постигнуваме ориентирајќи се кон иднината.

Во тој контекст Boniwell и Zimbardo (2004) ќе изјават: “да се научи како да се постигне балансирана временска перспектива е клучот да се отвори личната среќа и да се најде поголема смисла во животот иако времето немилосрдно и индиферентно отчукува кон крајот на животот за секој од нас” (стр. 18). Тие ова го објаснуваат со тоа што велат дека “истражувањето на нечиј однос кон времето има потенцијал да донесе до директна свесност за поцелосно ценење на животот преку наоѓањето/поставувањето врски меѓу минатите и сегашните случувања. Тоа помага да се развие чувство на континуитет меѓу темпоралните зони и да се поттикне процес на наоѓање подлабока смисла во нечија егзистенција”(стр.17).

Според тоа, времето нуди мултипла можност за наоѓање на среќа – во минатото, во сегашноста и во иднината. Мислите за минатото и за иднината можат да донесат среќа со

тоа што ја носат среќата во сегашната состојба на умот. Според Далај Лама “умот е целата базична опрема која ни е потребна за да постигнеме среќа” (1999, стр.37 според Zimbardo & Boyd, 2008). Нашата способност да го реконструираме минатото, да ја интерпретираме сегашноста и да ја конструираме иднината ни ја дава моќта да бидеме посреќни.

## 5. Користена литература

[1] Boniwell, I. & Zimbardo, P. G. (2004). Balancing One’s Time Perspective in Pursuit of Optimal Functioning. In P. A. Linley and S. Joseph (Eds.). *Positive Psychology in Practice* (pp. 165–178). Hoboken, NJ: Wiley.

[2] Boniwell, I. (2005). Beyond time management: how the latest research on time perspective and perceived time use can assist clients with time-related concerns. *International Journal of Evidence Based Coaching and Mentoring, 3*(2), 61-74.

*[3] Boniwell*, I. (2009). *Perspectives on time.* In S. J. Lopez & C. R. Snyder (Eds.). *Oxford Handbook of Positive Psychology, 2nd ed. (pp. 295-302).* New York: *Oxford University Press.*

[4] Diener, E., Lucas, R. E. & Oishi, S. (2002). Subjective well-being: The science of happiness and life satisfaction. In C.R. Snyder and S.J. Lopez (Eds.), *Handbook of Positive Psychology* (pp. 63-73). New York : Oxford University Press.

[5] Drake, L., Duncan, E., Sutherland, F., Abernethy, C. & Henry, C., (2008). Time Perspective and Correlates of Wellbeing, *Time & Society 17* (1), 47-61.

[6] Zimbardo, P. & Boyd, J. (2008). *The time paradox: The new psychology of time that can change your life.* New York: Free Press.

[7] Zimbardo, P. (2013, May 28). Seven Paths to a Meaningful Life. http://greatergood.berkeley.edu/article/item/seven_paths_to_a_meaningful_life

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# DECISION-MAKING STYLES AND PERSONALITY DIMENSIONS OF SCHOOL PRINCIPALS AND BANK MANAGERS

Anita Azeska

*MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje*

*Republic of Macedonia*

*a.azeska@gmail.com*

## Abstract

This study researches the relation of directive, analytical, conceptual and behavioral of managerial decision-making styles (Alan Rowe, 1992) and personality dimensions extraversion, neuroticism and psychoticism (Eyzenk, 1971). On a sample of 118 respondents from a number of towns in RM (60 respondents, sector and bank branch managers and 58 respondents, primary and secondary school principals), was applied Decision Making Styles Inventory - DSI of 20 items and personality test Eysenck Personality Questionnaire – EPQ of 90 question-type items. The results show that a tendency of more direct decision-making exists with a combination of democratic-participative style including the subordinate in the decision-making, while in banks in addition to giving orders when making decision attention is paid to the needs and care of the persons in order to develop and maintain interpersonal relations. The results also show that school principals are more introvert and emotionally stable, while bank directors are more extrovert and emotionally less stable. This research contributes to increase of empirical knowledge in the area of decision-making in working environment. Discovering the relation between leadership style and personality dimensions enables strategic realization of the organizational objectives, better efficiency and achieving higher level of performance. Hence the application of the findings of the research for creation of training to managers for efficient decision-making as well as in the selection of managerial style staff adequate to the needs of enterprises. The research results also indicate to the need for application of conceptual-behavioral decision-making style that enables better efficiency and care for the employees in conditions of increased uncertainty and unsteadiness caused by the transition and privatization processes.

***Keywords:*** decision-making styles; personality dimensions; work pos.t

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# СТИЛОВИ НА ОДЛУЧУВАЊЕ И ДИМЕНЗИИ НА ЛИЧНОСТА НА ДИРЕКТОРИ НА УЧИЛИШТА И ДИРЕКТОРИ ВО БАНКИ

Анита Азеска

*МИТ Универзитет, Факултет за психологија, ул. Трета Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија*

*a.azeska@gmail.com*

## Абстракт

Овој труд го истражува односот на директивен, аналитички, концептуален и бихејвиорален менаџерски стил на одлучување (Алан Роу, 1992) и димензиите на личноста екстраверзија, невротизам и психотизам Ајзенк (Eyzenk, 1971 според Lojk, 1991). На мостра од 118 испитаници од повеќе градови на РМ (60 испитаници, директори на одделни сектори и дирекции во банки и 58 испитаник, директори на основни и средни училишта) беа применети инвентар за стилови на одлучување (Decision Style Inventory - DSI) од 20 тврдења и тест на личност (Eysenck Personality Questionaire - EPQ) од 90 ајтеми во вид на прашања. Резултатите покажуваат дека во училиштата постои тенденција кон подирективно одлучување со комбинација на демократско-партиципативен стил кој ги вклучува и подредените во одлучувањето, додека во банките освен издавање на наредби, при донесувањето на одлуките се води сметка и за потребите и грижата за другите луѓе со цел да се развијат и одржат добри меѓучовечки односи. Исто така резултатите покажаа дека директорите на училиштата се поинтровертни и емоционално стабилни, додека директорите во банките се поекстровертни и емоционално помалку стабилни. Ова истражување дава придонес во зголемувањето на емпириските сознанија од обласа на донесување на одлуки во работната средина. Со откривањето на односот помеѓу лидерскиот стил и личносните димензии се овозможува стратешко реализирање на организациските цели, поголема ефикасност и постигнување повисока перформанса. Оттука и применливоста на наодите од истражувањето за креирање на обуки на директори

за ефикасно донесување на одлуки, како и во селекција на кадри со раководни стилови адекватни на потребите на претпријатијата. Резултатите од истражувањето исто така посочуваат и на потребата од примената на концептуално-бихејвиорален стил на одлучување кој овозможува поголема ефиксност и грижа за вработените во услови на зголемена неизвесност и несигурност предизвикана со процесите на транзиција и приватизација.

***Клучни зборови:*** Стилови на одлучување; димензии на личност; работно место.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Поради важноста на влијанието што го имаат лидерите за постигнување на целите и остварување на успех во организацијата, чест предмет на изучување е и личноста на лидерот и нема дилема дека лидерството е всушност проекција на личноста на лидерот. Според Адар (Adair, 1991, стр. 47) „лидерството е најлична работа на светот од проста причина што тоа ве претставува самитеВас. Самиот стил го објаснува личниот начин на кој некој води. Тоа е нешто како ракопис. Секогаш препознатлив.“ Одлучувањето претставува една од главните активности на лидерот. Рен и Војч (Wren and Voich, 1994) сметаат дека одлучувањето е неопходна активност за успешно извршување на било која менаџерска функција. Според четвороквадратниот модел на мозокот на Нед Херман, Роу (Rowe, 1989) дефинирал четири стила на одлучување. Активноста на секој квадрант на мозокот е основа за одреден стил на одлучување. Роу (Row, 1992 според McKenna, 2000) детерминирал стилови на одлучување комбинирајќи когнитивна сложеност и ориентација на вредности. Когнитивната сложеност поаѓа од користење на информации до концептуална способност на паралелна обработка на информации и генерализација, односно утврдување стратегија. Ориентацијата на вредности поаѓа од ориентација на технички вредности (задачи) до ориентација на организациски вредности (луѓе). Стиловите на одлучување за кои зборува Алан Роу се следните:

- **Директивен стил на одлучување** - применуваат автократски раководители со тенденција за агресивно однесување. Одлуката се носи врз основа на релативно мал број на информации и отсуствува толеранција за нејасни информации.
- **Аналитички стил на одлучување** - раководителите со *аналитички стил* во когнитивна смисла се комлексни личности. Одлуката ја носат со пребарување на поголем број на податоци и имаат зголемена толеранција за нејасни информации.
- **Концептуален стил на одлучување** - ги одликува раководителите со потреба за признание и успех. Одлуката ја носат врз основа на екстензивно елаборирање на податоците со тенденција за креативност и инвентивност.

- **Бихејвиорален стил на одлучување -** ги карактеризира раководителите со изразена потреба за прифаќање (афилијација) и демократски односи со подредените. Одлуката ја носат водејќи сметка за одржувањето на добри односи со другите вработени.

Ајзенк ја дефинира личноста како „целокупен збир на вистинските и можните облици на реагирање на организмот одредено со наследноста и средината, а настанува и се развива во интеракција на четири главни подрачја: когнитивно (интелигенција), конативно (карактер), афективно (темперамент) и соматско (конституција)" Ајзенк (Eyzenk, 1971, според Лојк, 1991). Во своите истражувања и проучување на личноста Ајзенк (Eysenck, 1971, според Лојк, 1991) со помош на статистичката техника факторска анализа естрахирал три основни димензии или фактори на личноста за кои смета дека, покрај интелигенцијата се најзначајни:

А) Димензијата *екстраверзија (Е)* претставува еден континуум на чии краеви се распоредени „чистите", екстремни облици на екстровертираност и интровертираност во кои спаѓаат најмал број од луѓето, бидејќи повеќето од нив се приближуваат кон едниот или кон другиот крај од овој континуум. Секој поединец зазема различна позиција во истиот овој континуум.

Б) Димензијата *невротизам (N)* е опишана со два екстрема: емоционална стабилност и емоционална лабилност.

В) Димензијата *психотизам (P)* е дефинирана со двете крајности: цврстина, ригидност, непопустливост, агресивност, неемпатичност на личноста наспроти личноста која е попустлива, чувствителна, емпатична, која се грижи за другите луѓе.

Овие димензии се нормално дистрибуирани во општата популација, што значи дека се застапени во различен степен кај сите луѓе и единствено екстремните облици на континуумот на нормалноста претставуваат паталошки абнормалности.

Теоријата за човековата природа, поточно гледиштето за човекот како сложено суштество кое укажува на разликите помеѓу луѓето, на сложеноста на човековата природа и на нејзината променливост (Koontz and O'Donnell, 1964; Schein, 1970; Trist, 1951; Mayo, 1945; Rice, 1958; Likert, 1961; Morse and Reimer, 1956; Wroom, 1960; Argyris, 1964; McClelland, 1961, според Bojanović, 1988) е појдовна точка при дефинирање на

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

истражувачките хипотези во ова истражување. Понатаму од наодите во литературата произлегуваат претпоставки за потенцијалните разлики во процесите на донесување на одлуки помеѓу менаџерите на различните видови на организации (Drenth et al., 1998; Harrison, 1995; Kreitner and Kinicki, 1992). Според нив процесите на донесување одлуки заземаат различни текови во различните видови организации, како и тоа дека самата природа на работата ја детерминира ефективноста на лидерскиот стил.

Со оглед на тоа дека одлучувањето е една од најчестите и најважни раководни активности и дека лидерството помеѓу другото како што наведуваат гореспоменатите автори е проекција на личноста на лидерот во овој труд ќе се обидеме да ги препознаеме разликите помеѓу раководителите во поглед на нивниот стил на одлучување и во поглед на димензиите на личноста.

Конкретно, поставени се две хипотези:

1. Директорите на училиштата имаат поизразен концептуален и помалку изразен аналитички стил на одлучување од директорите во банки. Во поглед на изразеноста на директивниот и бихејвиоралниот стил на одлучување меѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки не постои разлика.
2. Директорите на училиштата имаат поизразена попустливост на димензијата на личноста психотизам во споредба со директорите во банки, додека во поглед на изразеноста на димензиите на личноста екстраверзија и невротизам меѓу нив не постои разлика.

## 2. Метод

### 2.1.Испитаници

Истражувањето беше спроведено на пригоден примерок од вкупно 118 испитаници (60 испитаници, директори на одделни сектори и дирекции во банки, и 58 испитаник, директори на основни и средни училишта). Просечна возраст на испитаниците е 43,01(SD=7,98) години, најмладиот испитаник има 27 години, а најстариот има 60 години.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

2.2.Мерни инструменти

Инвентарот на стилови на одлучување (DSI) на авторот Роу се состои од 20 тврдења кои испитаникот ги довршува со 4 различни исказа кои се однесуваат на 4-те стила на одлучување: директивен, аналитички, концептуален и бихејвиорален стил. Испитаникот треба да ги рангира исказите на секое тврдење на 4 - степена скала на кореcподентност од 1 (најмалку соодвествува) до 4 (најмногу соодвествува за испитаникот - менаџер). Податоците за внатрешна хомогеност на применетиот мерен инструмент добиени на примерокот во ова истражување покажуваат дека вредностите на α - коефициентите за четирите стилови на одлучување се со ниска внатрешна козистентност.

Тестот на личност (EPQ) содржи 90 ајтеми во вид на прашања. Испитаникот одговара со заокружување на една од двете понудени алтернативи ДА или НЕ за неопределено време. Вкупниот индивидуален скор на секоја скала посебно се добива со едноставно пребројување на сите заокружени ДА и НЕ одговори кои ја мерат соодветната димензија, со користење на соодветен клуч за бодување на одговорите. Кај EPQ – инвентарот, димензиите невротизам и екстраверзијата, како и L - скалата се со прифатлива внатрешна конзистентност, додека психотизмот е со ниска внатрешна козистентност.

2.3.Постапка

Прибирањето на податоците се одвиваше во периодот од јануари, 2014 до мај, 2014 година на работните места на испитаниците.

2.4.Статистичка обработка на податоците

Податоците се обработени со статистичката програма SPSS - 20. Применети се следниве статистички постапки:

- За сите користени варијабли се дадени основните статистички показатели (аритметичка средина, стандардно отстапување, највисок и најнизок скор).
- За да се утврди дали постои разлика меѓу двете групи директори во поглед на димензиите на личноста и стиловите на одлучување користена е еднонасочна анализа на варијанса.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Резултати

Од прикажаните податоци во Табела 1 се забележува дека кај директорите на училишта најизразен е директивниот стил на одлучување, а најмалку изразен е бихејвиоралниот стил на одлучување. Кај директорите во банки најизразен е исто така директивниот стил на одлучување, а најмалку изразен е концептуалниот стил на одлучување.

Табела 1. Основни статистички показатели за стилови на одлучување

| **Директивен стил** | **N** | **M** | **SD** | **Најнизок скор** | **Највисок скор** |
|---|---|---|---|---|---|
| Директори на училишта | 58 | 58.55 | 6.41 | 36.00 | 74.00 |
| Директори во банки | 60 | 55.18 | 5.78 | 45.00 | 72.00 |
| Вкупно | 118 | 56.84 | 6.30 | 36.00 | 74.00 |
| **Аналитички стил** | | | | | |
| Директори на училишта | 58 | 55.26 | 4.02 | 42.00 | 64.00 |
| Директори во банки | 60 | 55.63 | 4.56 | 49.00 | 68.00 |
| Вкупно | 118 | 55.45 | 4.29 | 42.00 | 68.00 |
| **Концептуален стил** | | | | | |
| Директори на училишта | 58 | 44.50 | 4.98 | 38.00 | 57.00 |
| Директори во банки | 60 | 43.60 | 5.76 | 29.00 | 59.00 |
| Вкупно | 118 | 44.04 | 5.39 | 29.00 | 59.00 |
| **Бихејвиорален стил** | | | | | |
| Директори на училишта | 58 | 41.60 | 6.56 | 30.00 | 68.00 |
| Директори во банки | 60 | 45.62 | 7.60 | 28.00 | 62.00 |
| Вкупно | 118 | 43.64 | 7.36 | 28.00 | 68.00 |

Од прикажаните податоци во Табела 2 се забележува дека димензиите екставерзија и невротизам се поизразени кај директорите во банки, додека димензијата психотизам е поизразена кај директорите на училишта.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Табела 2. *Основни статистички показатели за екстраверзија, невротизам и психотизам*

| **Екстраверзија** | **N** | **M** | **SD** | **Најнизок скор** | **Највисок скор** |
|---|---|---|---|---|---|
| Директори на училишта | 58 | 12.72 | 2.67 | 4.00 | 18.00 |
| Директори во банки | 60 | 14.07 | 2.82 | 8.00 | 19.00 |
| Вкупно | 118 | 13.41 | 2.82 | 4.00 | 19.00 |
| **Невротизам** | | | | | |
| Директори на училишта | 58 | 9.59 | 3.68 | 3.00 | 19.00 |
| Директори во банки | 60 | 11.37 | 5.04 | 2.00 | 21.00 |
| Вкупно | 118 | 10.49 | 4.50 | 2.00 | 21.00 |
| **Психотизам** | | | | | |
| Директори на училишта | 58 | 9.52 | 0.96 | 7.00 | 11.00 |
| Директори во банки | 60 | 8.78 | 1.85 | 4.00 | 12.00 |
| Вкупно | 118 | 9.14 | 1.52 | 4.00 | 12.00 |
| **Л - искреност** | | | | | |
| Директори на училишта | 58 | 15.17 | 4.26 | 5.00 | 21.00 |
| Директори во банки | 60 | 11.25 | 4.26 | 3.00 | 20.00 |
| Вкупно | 118 | 13.18 | 4.67 | 3.00 | 21.00 |

Применетата еднонасочна АНОВА посебно за секоја хипотеза ги даде резултатите прикажани во табелите подолу.

Табела 3. *Разлики во директивниот стил на одлучување кај директорите на училишта и директорите во банки*

| **Директивен стил на одлучување** | **SS** | **df** | **MS** | **F** | **p.** |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 334.613 | 1 | 334.613 | 9.003 | .003 |
| Во групите | 4311.328 | 116 | 37.167 | | |
| Вкупно | 4645.941 | 117 | | | |

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Резултатите од применетата еднонасочна АНОВА во Табела 3 покажуваат дека помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики во поглед на директивниот стил на одлучување ($F(1, 116)=9.00$; $p<.01$).

Табела 4. *Разлики во бихејвиоралниот стил на одлучување кај директорите на училишта и директорите во банки*

| **Бихејвиорален стил на одлучување** | **SS** | **df** | **MS** | **F** | **p.** |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 474.988 | 1 | 474.988 | 9.409 | .003 |
| Во групите | 5856.063 | 116 | 50.483 | | |
| Вкупно | 6331.051 | 117 | | | |

Податоците од еднонасочната АНОВА сумирани во Табела 4 демонстрираат дека помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики во поглед на бихејвиоралниот стил на одлучување ($F(1, 116) = 9.40$; $p<.01$).

Поради ниската релијабилност на аналитичкиот и концептуалниот стил на одлучување во ова истражување не ги земаме во предвид, односно не ги вклучуваме во анализата резултатите од еднонасочна АНОВА кои се однесуваат на овие стилови на одлучување.

Табела 5. *Разлики во изразеноста на димензијата екстраверзија кај директорите на училишта и директорите во банки*

| **Екстраверзија** | **SS** | **df** | **MS** | **F** | **p.** |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 53.155 | 1 | 53.155 | 7.044 | .009 |
| Во групите | 875.320 | 116 | 7.546 | | |
| Вкупно | 928.475 | 117 | | | |

Од наодите во Табела 5 се забележува дека помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики во поглед на изразеноста на димензијата екстраверзија ($F(1, 116) = 7.04$; $p<.01$).

Табела 6. *Разлики во изразеноста на димензијата невротизам кај директорите на училишта и директорите во банки*

| **Невротизам** | **SS** | **df** | **MS** | **F** | **p.** |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 93.489 | 1 | 93.489 | 4.773 | .031 |
| Во групите | 2272.002 | 116 | 19.586 | | |
| Вкупно | 2365.492 | 117 | | | |

Резултатите во Табела 6 покажуваат дека помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики во поглед на изразеноста на димензијата невротизам ($F(1, 116) = 4.77$; $p<.05$).

Поради ниската релијабилност на димензијата на личност – психотизам во ова истражување не ги земаме во предвид, односно не ги вклучуваме во анализата резултатите од еднонасочна АНОВА кои се однесуваат на оваа димензија.

## 4. Дискусија и заклучок

Резултатите од истражувањето покажаа дека помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики во поглед на директивниот стил на одлучување. Кај директорите на училиштата директивниот стил е поизразен отколку кај директорите во банки. Но и кај директорите на училишта и кај директорите во банки од дескриптивните статистици се забележува дека овој стил и кај двете групи е натпросечно изразен. Изразеноста на директивниот стил кај директорите на училиштата и во банките или примената на овој стил како доминантен во овие институции укажува на тоа дека и двете организации се повеќе автократски управувани организации од страна на раководителите.

Исто така дескриптивните статистици покажуваат дека и аналитичкиот стил и кај двете групи на директори е натпросечно изразен. Примената на аналитичкиот стил на одлучување упатува на одредена толеранција на раководителите кон недоволно јасни информации и нивното настојување да донесат исправни и добри одлуки за

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

организацијата. Двата преовладувачки стила ги истакнуваат потребите за моќ и постигнување на менаџерите.

Согласно резултатите од истражувањето помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики и во поглед на бихејвиоралниот стил на одлучување кој е поизразен кај раководителите во банките. Тоа може да се забележи и од вредностите на дескриптивните статистици.

Дескриптивните показатели понатаму посочуваат дека концептуалниот стил на одлучување е поизразен кај директорите на (основни и средни) училишта. Со оглед на тоа што овие стилови припаѓаат на десната хемисфера, неизбежна е и интуицијата и креативноста при донесувањето на одлуките. Па така и директорите на (основните и средните) училишта и директорите во банките покрај директивниот стил на одлучување кој означува тенденција за автократско однесување, сепак за донесување на подобра одлука под влијание на интуицијата и креативноста применуваат и демократско - партиципативен стил кој ги вклучува и подредените во одлучувањето, односно како помошни стилови се користат концептуалниот и бихејвиоралниот стил на одлучување. Наведеното наоѓа потврда и во мислењето на Роу (Row, 1992, според McKenna, 2000) дека стиловите на одлучување никогаш не се изразуваат во апсолутно чист облик, така што кога е претежно изразен еден стил на одлучување тоа не значи дека нема примеси на друг стил на одлучување.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека помеѓу директорите на (основни и средни) училишта и директорите во банки постојат разлики и во поглед на изразеноста на димензиите екстраверзија и невротизам. Директорите во банките се поекстровертни од директорите на училиштата или подружељубиви, покомуникативни, социјално поекспанзивни, полесно прилагодливи. Помалку ги сакаат индивидуалните активности, повеќе ги сакаат промените, поиницијативни се, авантуристи се и повеќе се оптимисти. Директорите на училиштата се емоционално постабилни. Поурамнотежени се и реагираат емоционално поспоро и поблаго за разлика од директорите во банките кои реагираат поинтензивно и се поемотивни и погрижливи.

ISSN: 1857-8128

Заклучуваме дека директорите на училиштата се поинтровертни и емоционално стабилни, додека директорите во банките се поекстровертни и емоционално помалку стабилни. Во училиштата постои подирективно одлучување со комбинација на демократско - партиципативен стил кој ги вклучува и подредените во одлучувањето, додека во банките освен издавање на наредби, при донесување на одлуките се води сметка и за потребите и грижата за другите луѓе со цел да се развијат и одржат добри меѓучовечки односи.

Резултатите од истражувањето посочуваат на потребата од примената на концептуално-бихејвиорален стил на одлучување кој овозможува поголема ефиксност и грижа за вработените во услови на зголемена неизвесност и несигурност предизвикана со процесите на транзиција и приватизација.

Теоретското разгледување за улогите на менаџерот можеби се чини дека водат кон заклучокот дека работата на менаџерот е доста синхронизирана и дека менаџментот претставува логичен, организиран процес во што менаџерите прават напор рационално да го обмислат најдобриот начин за искористување на ресурсите, да остварат профит, но и за да ги постигнат целите на организацијата. Но, реалноста во нашата средина е поинаква. Менаџерите во нашето истражување можеме да кажеме дека често дејствуваат со емоции и се потпираат врз интуицијата. Сведоци сме на многубројни општествени и политички промени, каде брзите и непосредни одлуки во некои ситуации и недостигот на време за подолго размислување претставуваат важен аспект на менаџерската активност. Моменталната ситуација во нашите организации постојано се менува, без оглед дали од интерни или екстерни причини, и една одлука која денес се чини добра, утре може да биде погрешна. Бројот и разновидноста на проблемите со кои се соочуваат менаџерите е огромен. Често менаџерите мораат да се справуваат со многу проблеми во исто време, исто така често мораат да донесуваат одлуки веднаш, и не ретко мораат да се потпрат врз искуството со кое се здобиле во текот на кариерата, за да можат оваа работа најдобро да ја извршуваат.

Културата, верувањата, вредносниот систем во Република Македонија, специфичноста на актуелната состојба на земјата влијаат врз донесувањето на одлуките.

Резултатите во нашето истражување посочуваат и на потреба за нова генерација на менаџери кои ќе бидат различни од традиционалните менаџери. Очигледно е дека иднината, ќе бара такви менаџери во Македонија, кои се со стилови на водство различни од традиционалното водство.

За успешен настап и опстојување во глобализациските процеси имплицитно се јавува потребата за перманентна и организирана менаџерска едукација. Поради значењето кое креативноста го има во процесот на одлучување Рен и Војч (Wren and Voich, 1994) како и Расел и Еванс (Russell and Evans, 1992, според Marković, 2006) препорачуваат организациите да ја поттикнуваат и негуваат креативноста на своите менаџери, да поттикнуваат и развиваат атмосфера во која новите и оригиналните идеи се поттикнуваат и наградуваат, менаџерите меѓусебно да рзвиваат идеи итн. Многу од луѓето потенцијално се креативни, но поради личната несигурност, недостаток на поддршка или на репресивно делување на средината, не се осудуваат да ја изразат својата креативност.

Заклучокот е дека ова истражување дава придонес во зголемувањето на емпириските сознанија од областа на донесување на одлуки во работната средина. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за креирање обуки на директори за ефикасно донесување на одлуки, како и во селекција на кадри со раководни стилови адекватни на потребите на претпријатијата.

## 5. Библиографија

[1] Adair, J. (1991). *Not bosses but leaders*. London: Kogan Page Limited

[2] Bojanovič, R. (1988). *Psihologija medzuljudskih odnosa*. Beograd: Naučna Knjiga

[3] Drenth, P. J. D., Thierry, H., Wolff, C.J. (1998). *Handbook of work and organizational psychology*. Psychology Press (Second Edition)

[4] Eysenck, H. J. (1998). *Dimenzion of Personality*. New Jersey: Transaction Publishers.

[5] Eysenck, H. J. (2006). *The Biological Basis of Personality*. New Jersey: Transaction Publishers.

[6] Harrison, E.F. (1995). *The managerial decision-making process* (4-th Edn). Boston: Houghton Miffin

[7] Herrmann, Ned (1996). *The Whole Brain Business Book*, McGraw-Hill

[8] Kreitner, R. & Kinicki, A. (1992). *Organizational Behavior.* Second edition. Irwin, Inc.

[9] Lojk, L. (1991). *EPQ – Eysenckov upitnik lićnosti (prirućnik).* Ljubljana: Zavod R.Slovenije za produktivnost dela Ljubljana, center za psihodijagnostićna *sredstva*

[10] Markovič, Z. (2006). *Profil ličnosti rukovodioca i preferencije stila rukovodjenja i odlučivanja.* Doktorska disertacija. Niś: Filozofski fakultet

[11] McKenna, E. (2000). *Business Psychology and Organizational Behavior.* A Student's Handbook. Third Edition. Psychology Press.

[12] Pek, D. (1978). *Teorije licnosti:* Beograd, Nolit

[13] Rowe, A.; Mason, O.; Dickel, K.; Snyder, N. (1989). *Strategic Managment – A Methodological Approach.* New York: Addison – Wesley Publishing Company

[14] Сарџоска, Е. (2009). *Психологија на организацијата.* Скопје: Филозофски факултет

[15] Wren, A. D. & Voich, J. R. Dan (1994). *Menadžment, process, struktura I ponašanje.* Beograd: Privredni pregled

[16] Čizmič S. editor (1995). *Psihologija I menadzment.* Beograd: Filozofski fakultet. Institut za psihologiju.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# VIRTUAL AND TRADITIONAL WORK

Anita Azeska[a], Vesna Blazhevska[b]

[a,b]*MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje Republic of Macedonia*

[a]*a.azeska@gmail.com*

[b]*mailvesna.d@gmail.com*

## Abstract

The Work increasingly becomes virtual, people are often hired to work on objects or with each other through their computer system. Because of these achievements, some commentators were carrying an opinion that we are undergoing major changes that will produce a virtual organization, even a virtual society. Some authors accepts this changes with great optimism because the employees will have great benefit by the computers (Weisbord, 1990) according to (Nikoloski, 1998) and other authors accepts this changes with pessimism because they believe that technology will set a tight control over the rhythm and structure of work (Downing , 1980) according to (Nikoloski, 1998). This article presents the characteristics of virtual and traditional work, as well as their meaning, their advantages and disadvantages. Finally, we will conclude that informatics technology can not meet all the psychological needs of the people at work, but is implemented to meet the technical and economic criteria. We are not in the process in which traditional forms of work will be replaced by virtual forms of work. It is better to treat the virtual work as an addition to traditional work.

***Keywords:*** virtual work; traditional work; psychological requirement.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ВИРТУЕЛНАТА И ТРАДИЦИОНАЛНАТА РАБОТА

Анита Азеска[a], Весна Блажевска[b]

*[a,b] МИТ Универзитет, Факултет за психологија, ул. Трета Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија*

*[a]a.azeska@gmail.com*

*[b]mailvesna.d@gmail.com*

**Абстракт**

Работата се повеќе станува виртуелна, луѓето се почесто се ангажираат со работа врз објекти или еден со друг преку нивните комјутерски системи. Заради овие постигнувања, некои коментатори изнесле мислење дека ние сме во процес на големи промени од коишто ќе произлезе виртуелна организација, па дури и виртуелно општество. На овие промени, едни автори гледаат со голем оптимизам затоа што работата на луѓето ќе биде потпомогната од комјутер (Weisbord, 1990 според Николоски, 1998), а други автори гледаат со песимизам затоа што, сметаат дека технологијата ќе поставува цврста контрола врз ритамот и структурата на работата (Downing, 1980 според Николоски, 1998). Во овој труд се претставени карактеристиките на виртуелната и традиционалната работа, како и нивното значење, нивната предност и недостаток. На крај ќе заклучиме дека информатичката технологија не може да ги задоволи сите психолошки барања на луѓето на работа, но се воведува за да се задоволат економски и технички критериуми, а не за да се задоволат психолошките потреби на луѓето на работа. Ние не сме во процес во којшто традиционалните облици на работа ќе бидат заменети со виртуелни облици на работа. Подобро е виртуелната работа да се третира како дополнение на традиционалната работа.

***Клучни зборови:*** виртуелна работа; традиционална работа; психолошка потреба.

## 1. Вовед

Последните децении се случува втората револуција во областа на работата како резултат на развиената технологија. Во процесот на трудот се случуваат огромни промени. Како последица на овие промени се појавуваат нови облици на работа наспроти традиционалните облици на работа (Ivkovic & Radenkovic, 1998).

Во минатиот век, работата што луѓето ја вршеле во организациите претпоставувала директен контакт со објектот на работа или контакт лице-в-лице. Работата, понатаму, претпоставувала дека луѓето биле вработени во организација, дека секој ден оделе во просториите на организацијата и дека (веројатно) многу од нив останувале во таа организација до крајот на работниот век.

Многу истражувачи сметаат дека овие карактеристики на работата денес се минато. Работата што многу луѓе денес ја вршат е виртуелна, окарактеризирана со индиректен контакт со објектите и лицата, посредуван од компјутерите и разните видови телекомуникација. Операторот на една електронска трговска компанија, на пример, не се сретнува со муштеријата лице-в-лице и може никогаш да не ги види продуктите што ги продава. Лицето што работата ја врши од дома, може никогаш да не ги види колегите што работат во иста организација. Текот на работниот век е поразновиден, при што работа кај еден ист работодавец до крајот на работниот век не е повеќе можна ( Birchall & Lyons,1995).

Глобализацијата ја наметна потребата компаниите да се трансформираат од традиционални индустриски претпријатија во пост-модерни форми на организации, кои се поотворени, пофлексибилни и носат поголема доза на иновативност. Информатичката технологија, посебно Интернетот ја олесна соработката помеѓу поединецот и организацијата низ просторот, времето и организациските граници. Тоа доведе до фундаментален нов механизам на колаборација помеѓу организациите. Фокусот се става на знаењето, а централен извор на компетитивната предност постанува информатичката технологија. Организациите се приморани да ги менуваат постоечките функционални форми во специфичен вид на организациона структура -мрежна организација.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Концептот на мрежната организација настанал на почетокот на 80-те години на минатиот век, кога со развојот на иформатичката технологија се создала можност за настанување и развој на нови форми на организациска работа.

Неколку години покасно теориската поставка била имплементирана во праксата на големите светски компании, кои со следните процеси на глобализација, информационите и комуникационите промени, извршиле трансформација на своите вертикално ориентирани структури во хоризонтални (процесни) облици и со тоа својот стратегиски фокус го ориентирале кон потрошувачите и иновациите. Со тоа се создала можност за претворање на традиционално структуираните организациски системи во флексибилни системи без јасни граници или дизајнирање на нови виртуелни организации.

Реинжинерството на работниот процес, имплементацијата на информационите системи и технолошката иновација создале базична основа за развој на мрежни облици и настанок на нова социологија на работната организација.

Новините на полето на организациона култура, организационо однесување, промена во стилот на менаџментот изградија потполно нова организација чии ефекти се појаки од нејзините форми.

Работата се повеќе станува виртуелна, луѓето се почесто се ангажираат со работа врз објекти или еден со друг преку нивните комјутерски системи. Заради овие постигнувања, некои коментатори изнесле мислење дека ние сме во процес на големи промени од коишто ќе произлезе виртуелна организација, па дури и виртуелно општество. На овие промени, едни автори гледаат со голем оптимизам затоа што работата на луѓето ќе биде потпомогната од комјутер (Weisbord, 1990 според Николоски, 1998), а други автори гледаат со песимизам затоа што, сметаат дека технологијата ќе поставува цврста контрола врз ритамот и структурата на работата (Downing, 1980 според Николоски, 1998).

Во овој труд се претставени карактеристиките на виртуелната и традиционалната работа, како и нивното значење, нивната предност и недостаток. На крај ќе заклучиме дека информатичката технологија не може да ги задоволи сите психолошки барања на луѓето на работа, но се воведува за да се задоволат економски и технички критериуми, а не за да

се задоволат психолошките потреби на луѓето на работа. Ние не сме во процес во којшто традиционалните облици на работа ќе бидат заменети со виртуелни облици на работа.

Подобро е виртуелната работа да се третира како дополнение на традиционалната работа.

## 2. Глобализација на работата и појава на виртуелната работа

Новата комуникациона и иформациона технологија овозможи да се појават ефикасни, флексибилни и привремени организациони структури, кои за разлика од класичните организациони структури нудат поголеми можности. На основа на развојот на новата организациона структура а како последица на развојот на технологијата, доаѓа до формирање на нови корпоративни организации. Создавањето на виртуелната организација постанува нова тенденција за надминување на успехот кој го остварувале мултинационалните компании во годините на нивната експанзија (Ivkovic & Radenkovic, 1998). Користејќи ја предноста на развиената комуникациона инфраструктура, виртуелната организација дефинира нови принципи на работа чија ефикасност нужно ги руши традиционалните концепти.

Традиционалната работа се засновува на користење на структурирани хартиени документи во добро дефинирана и општоприфатена комуникација помеѓу учесниците во процесот на работата. Современата дигитална технологија овозможува ефикасна работа, без користење на хартиени документи и без непосреден контакт помеѓу учесниците во процесот на работата. Работата во која што трансакциите првенствено се остваруваат по електронски пат е позната како електронска работа или e-business. Во оваа смисла најпопуларен канал е Интернет (Martinez  et al., 2001)

Во почетокот на 80-те години концентрацијата на капиталот потпомогната од развојот на најсофистициранаta технологија доведува до трета фаза на интернационализација на работата - ***глобализација на светската економија***. Способноста на работните алијанси да иновираат и ја применуваат најсовремената технологија во примената на новите организациони модели, постанале услов за опстанок

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

на глобалниот пазар. Еден од фундаментално различните модели е секако виртуелната организација чиј развој од почетокот на деведесетите години на минатиот век се темели на големиот развој на Информационо комуникационата технологија (ИКТ). Всушност поседувањето на модерни информациони системи и комуникационата технологија, како и непостоењето на зграда-управа е основна разлика која доведува виртуелната работа да се разликува од вообичаената работа, но *целта* останува иста: реализирање на проекти на којшто би требало да работаат специјалисти од разни области, а кои ги нема поединечно секоја компанија. „*Виртуелна организација е географски дистрибуирана организација чии членови додека комуницираат и ја координираат својата работа по пат на информациона технологија, се врзани со заеднички интереси и цели.*" (Ahuja, K. M., Carley, M. K, 1998).

Како и кај другите организации, и кај виртуелните организации постои менаџмент и тимови, работни места и задачи, производи. Канцеларијата на виртуелната организација е сместена на мрежна платформа каде луѓето меѓусебно контактираат. Работната стратегија ја предодредува платформата. Архитектурата на платформата мора да биде доволно флексибилна да реагира на промената на пазарот и технологијата. Просторната димензија повеќе не претставува никаква препрека бидејќи денешната технологија дозволува трансфер на информацијата во било кој дел на земјината топка за само неколку секунди.

Користејќи ја таквата предност на новата информациона технологија, традиционалните бариери кои долго време биле втемелени во работната пракса, не се повеќе пречка за ефикасна работа. Се поголемата застапеност на малите, флексибилни привремени виртуелни организациони структури засновани на информациона технологија во вид на виртуелни организации кои успешно ги креираат и задоволуваат потребите на клиентите, наметнале нов начин на работа на која сите компании нужно мора да се прилагодуваат. Само така сфатена и применета работната филозофија ќе овозможи долготраен опстанок на светскиот пазар (Davidow & Malone, 1992).

Штом се створија основните технички предуслови, Интернетот започна интензивно да се користи но и да ги менува класичните погледи на работата. Интернетот го промени

секој аспект на работата, а посебно способноста на компаниите да го контролираат пазарот. Компаниите ја изгубиле моќта на контролата на информациите кои доаѓале на пазарот. Како резултат на тоа, повеќе не постои можност да проактивно се обликува пазарот за да се прилагоди на сопствените потреби. Се создаде потреба за развој на *адаптивни работни системи.* Самите работни системи денес можат да се сместат во три групи, спрема on-line присуството на пазарот:

- „cigla i malter“ (ang. brick-and-mortar) е метафора за системите кои користат исклучиво традиционални методи на продажба и дистрибуција и традиционални комуникациони медии.
- „cigla-i-klik“ (ang. brick-and-click) претставуваат работни системи кои класичните канали на продажба и комуникација широко ги допираат до Интернет сервисите (набавка, продажба, комуникација).
- „dot-com“ се работни системи кои комплетно работата ја вршат во виртуелниот свет на Интернет.

Интернет, како глобална комуникациона мрежа, ги промена прифатените правила на односот купувач-производител. Тој им овозможи шанса на малите компании да дојдат до нови можности кои ги нуди електронската трговија. Овие изменети услови, заедно со потребата да се намалат трошковите и во исто време брзо да се одговори на индивидуалните барања, ги доведоа компаниите до нови форми на работа и организациона структура (Davidow & Malone, 1992).

## 3. Карактеристики на виртуелната работа и традиционалната работа

Виртуелната работа за разлика од традиционалната работа не ја вршат вработени кои делуваат на однапред дефинирана, заедничка физичка локација. Таа настанува или се губи по потреба на поединците кои ја сочинуваат - еден ист поединец може истовремено да биде запослен во повеќе виртуелни организации (Николоски, 2000).

Појавата на виртуелната работа во споредба со традиционалната работа значи:

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- *Раширена мрежа на вештини и способности* - структурата на виртуелната организација е прилично дистрибуирана помеѓу различни локации, што резултира со зголемување на капацитетот на вештините и способностите. Претставува мрежа наместо канцеларија.
- *Употреба на телекомуникациона и комјутерска технологија* - оваа технологија овозможи настанување и опстојување на виртуелната работа - организција. Постои мислење дека виртуелната организација постоела од секогаш, во вид на трговци кои патуваат, вработени кои работаат од дома и слично. Меѓутоа, она што е ново е дека технологијата ја олесна, ја поедностави и ја поддржа работата на дистрибуираните работни тимови. Бариерите кои настанаа поради одалеченоста и временската разлика се надминаа со помош на технологијата.
- *Флексибилност, динамичност, неуморност* - организациите не се повеќе ограничени со традиционалните бариери, какви што се оние кои се врзани за времето и местото. Виртуелната организација ги поддржува динамичните промени во организацијата, што се однесуваат на работното опкружување. Неуморноста се тумачи како став да своеволно се менуваат производите и услугите, каналите на комуникација. Се ова заедно води кон иновации и зголемување на нивото на креативност.
- *Интеграција* - кога различни поединци, групи и организации ќе се поврзат во виртуелна организација, неопходно е да остварат коректна колективна интеракција како би постигнале успех. Интеграцијата води кон повисоко ниво на колаборација, кооперација и доверба.

Виртуелната организација се менува и преуредува по потреба. Производните претпријатија на пример се се повеќе комплексни мрежи на добавувачи, купувачи, инжинеринг и други услужни сервиси, а се помалку изолирани производни единици. Вработените се посамостојни и превземаат се повеќе одговорности и не работаат само во претпријатието и само за време на работното време. Виртуелната организација е интелигентен одговор на потребата на се поголемата отвореност кон опкружувањето (Martinez et al., 2001). Вистинските граници и резултати на виртуелната организација е тешко да се утврдат. Нагласената флексибилност на структурата ја прати уште поизразената флексибилност во однесувањето на особата и во функционирањето на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

виртуелната организација. Таа нема ни дирекција ни организационен дијаграм. Нема хиерархија и вертикална интеграција. Значи виртуелната работа за разлика од традиционалната ја карактеризира помала линија на менаџмент, на вработените им е делегирана поголема моќ при донесувањето на одлуките, постои распространето користење на тимови, широк распон на контрола, управување со електронско насочување, тесна врска помеѓу добавувачите, потрошувачите и организацијата (Birchall & Lyons, 1995).

Постојат многу дефиниции кои се користат да го означат поимот виртуелна организација. Виртуелноста е всушност термин кој се користи да опише повеќе аспекти на организацијата.

На пример: еден модел прави дистинкција помеѓу виртуелната работа и традиционалната работа. Овој модел има три независни димензии на виртуелност. Тие димензии се: виртуелност на локација, виртуелност на интерфејс и виртуелност на структура. Колку е организацијата помалку врзана за одредена физичка локација таа е повеќе виртуелна кога ќе ја земеме во обзир првата димензија. Од друга страна, колку организацијата повеќе ја нагласува интерфејс интеракцијата со опкружувањето кое не е физичко (на пр.www наместо класични продавници), повеќе е виртуелна. Последната димензија се однесува на структурата на организацијата. Колку повеќе организацијата зависи од поврзаноста со другите организации или поединци повеќе е виртуелна во поглед на оваа трета димензија.

Основни елементи за создавање на виртуелната организација се:

- Група поединци, бизниси или организации со заеднички цели, кои не би можеле да се постигнат без тимска работа.
- Лидер кој користи напредни лидерски способности како би внел единство во групата.
- Координатор на група - некој кој ја сака работата во мрежа, добар е во решавање на проблеми и во организација.
- ИТ системи кои на поединците ќе им обезбедат да ги делат идеите и информациите, финансиските средства за ИТ инфраструктурата, маркетинг, развој на тимови помеѓу членовите, контрола на перформансата итн.

Кај традиционалните, класични организации вообичаено е да организационата структура произлегува од работната стратегија. Кај виртуелните организации работната стратегија е партнерска-воспоставена е независно од организационата структура. Затоа виртуелната работа за да функционира виртуелната организација подразбира:

